***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

***КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ***

# *И З В Е Ш Т А Ј*

## *за работата на Комисијата за хартии од вредност на*

## *Република Македонија во 2008 година*

***Скопје, 30.04. 2009 година***

*Извештајот е изготвен согласно член 230 став 1 од Законот за хартии од вредност (Службен весник на РМ бр. 95/2005, 25/2007 и 07/2008) и за негово изготвување Комисијата за хартии од вредност на РМ користеше податоци од сопствената евиденција*

## СОДРЖИНА

*Вовед* 5

**I. Новини во регулативата на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија** 6

*1. Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност* 6

*2.Подзаконски акти - правилници* 7

**II. Издавање одобренија и дозволи** 9

*1.Одобренија за нови емисии на хартии од вредност* 9

*2. Одобренија за понуди за продажба на сопствени акции* 20

*3.Одобренија за давање јавна понуда за откуп на хартии од вредност* 21

*4. Дозволи за работа на друштва за управување со инвестициони фондови* 22

*5. Дозволи за основање на отворени инвестициони фондови* 22

*6. Дозволи за работење на брокерски куќи, дозволи на банки за работење со хартии од вредност и дозволи на подружници на странски брокерски куќи за работење со хартии од вредност во Република Македонија* 23

*7. Ликвидација на брокерски куќи* 24

*8. Согласности за именување директори на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност* 25

*9. Уверенија за овластени лица за работа со хартии од вредност* 25

*10. Дозволи за работа со хартии од вредност-брокери* 25

*11.Дозволи за работа на инвестициони советници* 26

**III. Зајакнување на системот на известување во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување што се води во Комисијата за хартии од вредност** 27

*1. Регулатива* 27

*2. Состојби во регистарот* 28

**IV. Учесници на пазарот на капитал во Република Македонија** 31

*1.Македонска Берза на хартии од вредностАД Скопје* 31

*2. Активностите на брокерските куќи и банките како овластени учесници на Берзата* 37

*3. Активности на Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје* 40

*4. Активности на Комисијата за хартии од вредност во врска со издавање согласности на актите на МакедонскатаБерза АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје* 45

*5. Контрола на пазарот на капитал и неговите учесници од страна на Комисијата за хартии од вредност* 52

*6. Соработка со други државни институции* 56

*7. Инвестициски фондови* 56

**V Едукација на акционерски друштва со посебни обврски за известување** 59

*1.Работилници на тема ,,Зошто акционерските друштва треба да прибираат капитал преку издавање на хартии од вредност и кои се придобивките од транспарентно објавување на податоци* 60

*2.Прирачници* 60

*3.Транспарентност на Комисијата за хартии од вредност* 61

*4.Обука на новинари* 62

*5.Месечни извештаи* 62

*6.Барања за слободен пристап до информации* 63

**VI Меѓународна соработка** 64

*1.Учество во работата на IOSCO (Меѓународна организација па комисиите за хартии од вредност)* 64

*2.Меморандум за разбирање (MMoU) при консултациите, соработка и размената на информации помеѓу регулаторите на пазарот на капитал во земјите членки на IOSCO* 65

*3.Склучени Меморандуми за соработка на Комисијата со домашни и странски регулаторни тела* 66

*4.Едукација на вработените во Комисијата за хартии од вредност* 67

*5.Соработка со меѓународни организации и странски проекти во РМ* 68

## И З В Е Ш Т А Ј

## за работата на Комисијата за хартии од вредност

## на Република Македонија во 2008 година

### Вовед

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија е самостојно и независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања утврдени со Законот за хартии од вредност, Законот за инвестициони фондови, Законот за преземање на акционерски друштва и сите подзаконски акти, кои произлегуваат од нив.

Комисијата го регулира и го контролира работењето со хартии од вредност на територијата на Република Македонија. Во рамките на своите законски надлежности и овластувања, се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на хартии од вредност и за заштита на правата на инвеститорите, со цел постојано да се јакне довербата на јавноста во институциите на пазарот на хартии од вредност во земјава.

Комисијата ја сочинуваат седум членови, од кои еден е претседател и тоа:

- Марина Наќева - Кавракова - Претседател
- Проф.Д-р Софија Тодорова - Член
- Владимир Илиев - Член
- Проф.Д-р Гоце Петрески - Член
- Проф.Д-р Владимир Филиповски - Член
- Милаим Ајдини - Член
- Борислав Атанасовски - Член

Претседателот и комисионерите ги избира и разрешува Собранието на Република Македонија, по предлог на Владата на Република Македонија.

Комисијата ги врши следниве функции:

- врши контрола над целокупната документација на издавачите на хартии од вредност, презема мерки и носи одлуки за заштита на интересите на лицата кои се сопственици или инвестираат во хартии од вредност и спречува нечесни и незаконски дејствија, поврзани со работењето со хартии од вредност;
- издава дозволи, одобренија и согласности врз основа на Законот за хартии од вредност и другите закони во нејзина надлежност;
- го регулира начинот на тргување со хартии од вредност на берзите;
- го следи и контролира работењето на учесниците на пазарот на хартии од вредност;
- го следи и контролира функционирањето на пазарот на хартии од вредност;

- одредува стандарди на конкуренција меѓу учесниците на пазарот на хартии од вредност, како и овластените друштва за управување со фондови, односно инвестиционите фондови, по пат на контроли или на друг начин;
- дава согласност за именување на директори на брокерски куќи, на одделот во банката кој е надлежен за вршење на услуги со хартии од вредност, како и на друштвата за управување со инвестициони фондови;
- ги одобрува барањата за издавање на хартии од вредност;
- се грижи за законит, чесен и транспарентен пазар на хартии од вредност;
- ги одобрува донесувањето и сите измени на актите на депозитарот и на берзата;
- соработува со други институции во Република Македонија и надвор од неа.

Во текот на 2008 година Комисијата активно работеше кон реализација на законски доверените функции, како од аспект на унапредување на регулативата на пазарот на капитал, така и од аспект на контролата на сите учесници во работењето со долгорочни хартии од вредност во Република Македонија.

Комисијата е колективен орган кој работи на седници и донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број комисионери (членови). Во текот на 2008 година, Комисијата одржа 27 седници, што во споредба со 2007 е за 50 % повеќе.

## I. Новини во регулативата на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија

Што се однесува на законската регулатива со која се регулира пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, односно на трите закони од функционална надлежност на Комисијата: Законот за хартии од вредност, Законот за преземање на акционерски друштва и Законот за инвестициони фондови, само на Законот за хартии од вредност во текот на 2008 година се изврши измена и дополнување. Регулативата на пазарот на хартии од вредност се состои и од многу подзаконски акти со кои подетално се регулираат односно доразработуваат одредени постапки, состојби, активности и слично. Во текот на 2008 година Комисијата донесе 12 нови правилници и 6 правилници со кои се изменуваа или дополнуваа веќе донесени правилници.

**1.**Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност (објавен во Службен весник на РМ бр. 7/2008) се предефинираа одредбите кои ја регулираат приватната понуда на хартии од вредност, се додадоа нови одредби со кои се регулира тарифникот кој ги опфаќа надоместоците што ги наплаќа берзата за извршените услуги, подетално се

регулира договорот за чување на хартии од вредност, договор кој овластените учесници на пазарот на хартии од вредност го склучуваат со клиенти за кои ја извршуваат услугата чување на хартии од вредност. Понатаму, во делот на акционерските друштва со посебни обврски за известување се воведе обврска за известување на сите судски постаки во кои друштвото е вклучено доколку вредноста на спорот изнесува најмалку 5% од вредноста на капиталот на друштвото и се воведе обврска за акционерското друштво за доставување на извештај до Комисијата за стекнување или оттуѓување на повеќе од 5% од хартиите од вредност издадени од тоа друштво од страна на правно или физичко лице. Во делот на Комисијата, се предефинираа одредбите со кои се регулираа надоместоците од кои се обезбедуваат средства за работа на Комисијата, се додадоа нови членови со кои се овозможи Комисијата да формира посебни тела кои ќе постапуваат по прекршоците утврдени со Законот за хартии од вредност. Имено, се овозможи формирање на Комисија за прекршоци и Комисија за посредување кои ја водат постапката до изрекување соодветна прекршочна санкција при сторен прекршок. Се предвиде и целосна професионализација на членовите на Комисијата така што мандатот на постојните членови е со важност до изборот на нови, а Владата на РМ во рок од 60 дена од влегување во сила на овој закон до Собранието на РМ треба да достави предлог за именување на нови членови.

## 2. Подзаконски акти - правилници

Комисијата во текот на 2008 година ги донесе следните правилници:

- Правилник за определување на формата и содржината на Проспектот и поканата за запишување на хартии од вредност;

- Правилник за определување на други документи потребни кон барањето за одобрение за издавање на хартии од вредност;

- Правилник за содржината на соопштението за издавање на хартии од вредност чии вкупен износ не надминува над 25 000 евра во денарска противвредност;

- Правилник за документите што ги доставува издавачот на хартии од вредност при поднесување на барањето за одобрение на јавна понуда на хартии од вредност;

- Правилник за начинот и постапката на издавањето, понудата и продажбата на деривативни финансиски инструменти на секундарниот пазар, тргувањето со деривативните финансиски инструменти на секундарниот пазар и порамнувањето и утврдувањето на овие трговски трансакции;

- Правилник за известување од страна на акционерско друштво со посебни обврски за известување за стекнати односно оттуѓени хартии од вредност на правни и физички лица;

- Правилник за начинот на водење и одржување на одделни податоци за работењето на берза;
- Правилник за определување на дополнителни услови во врска со дозволените методи за тргување со хартии од вредност;
- Правилник за определување на дополнителните податоци што се поднесуваат со барањето за дозвола за основање на берза и за постапката на донесување на одлука во врска со барањето;
- Правилник за определување на други дополнителни критериуми кои треба да ги исполни членка на берза, кои не се определени во Законот за хартии од вредност и правилата за членство на берза;
- Правилник за содржината, начинот и роковите за поднесување на барање за изземање од обврската за доставување на годишен, полугодишен, тримесечен и тековен извештај по барање на акционер или друго заинтересирано лице;
- Правилник за форма и содржина на годишните, полугодишните, тримесечните и тековните извештаи, материјали за акционерски собранија на акционерски друштва со посебни обврски за известување кои се водат во регистарот на Комисијата за хартии од вредност;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за добивање дозвола за основање на депозитар за хартии од вредност;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на давање согласност за именување на директор на депозитар за хартии од вредност;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржина и рокови за поднесување извештаи за работењето на берза;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржина и рокови за поднесување извештаи за работењето на депозитар на хартии од вредност и
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржина на месечниот извештај за работењето на овластено правно лице со дозвола за работа со хартии од вредност.

## II. Издавање одобренија и дозволи

### 1. Одобренија за нови емисии на хартии од вредност

Издавањето на хартии од вредност на примарниот пазар во Република Македонија се врши по претходно добиено одобрение од Комисијата.

Во текот на 2008 година, Комисијата разгледа вкупно 32 поднесени барања за давање одобрение за издавање долгорочни хартии од вредност, при што постапките по 30 барања беа завршени во текот на годината, а постапките по 2 барања беа прекинати и истите ќе продолжат во текот на 2009 година. Во текот на 2008 година, покрај разгледаните 32 барања, беа поднесени и уште 2 барања, за кои Комисијата ќе одлучува во 2009 година. Од разгледаните и завршени 30 барања за давање одобрение за емисија на долгорочни хартии од вредност, 23 барања беа одобрени, 5 барања беа одбиени, а постапката по 2 барања беше запрена.

Вкупната вредност на одобрените 23 емисии на хартии од вредност во 2008 година изнесува 6.864.595.873 денари, односно 112.224.583 евра. Од вкупно издадените 23 решенија за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност, едно решение се однесува на емисија на долгорочни должнички хартии од вредност - обврзници, додека останатите 22 решенија се однесуваат на сопственички долгорочни хартии од вредност - акции. Од одобрените 23 емисии на хартии од вредност во 2008 година, 2 беа распишани по пат на јавна понуда, додека 21 емисија се реализираа како однапред договорен пласман т.е. приватни понуди.

Во текот на 2008 година, во споредба со претходната 2007 година, забележано е зголемување на бројот на издадени решенија за одобрување на нови емисии на хартии од вредност за 2,3 пати (23 решенија во 2008 година, а 10 решенија во 2007 година). Гледано, од аспект на вредноста на издадените решенија, вредноста на распишаните емисии во 2008 година во однос на 2007 година е четири пати поголема: 6.864.595.873 денари (112.224.583 евра) во 2008 година, во однос на 1.727.613.279 денари (28.236.445 евра) во 2007 година.

Заради компаративно согледување и анализа, во продолжение се дадени податоците за бројот и вредноста на издадените решенија за одобрување на емисии на хартии од вредност во последните три години:

***Издадени одобренија за емисии на долгорочни хартии од вредност во последните три години***

| | број на издадени одобренија | вредност на издадените одобренија (во милиони денари) |
|---|---|---|
| 2006 година | 16 | 943 |
| 2007 година | 10 | 1.728 |
| 2008 година | 23 | 6.865 |

***Вредност на издадените одобренија (во милиони денари)***




***Број на издадени одобренија за емисии на хартии од вредност***




Во текот на 2008 година, за сите одобрени емисии на хартии од вредност кои се распишани од страна на издавачите на хартии од вредност, запишувањето и уплатата на хартии од вредност се одвиваше во седиштата на друштвата. Досега, ниту една примарна емисија на хартии од вредност не е реализирана преку Македонската Берза АД Скопје, ниту пак е спроведена постапка на подготовка, организирање и откуп на новоиздадени долгорочни хартии од вредност од страна на брокерска куќа или банка.

## Одобренија за нови емисии на акции

Во текот на 2008 година одобрени се 4 емисии на акции од банки, 12 емисии на акции од друштва за осигурување, 4 емисии на акции на други финансиски институции и 2 емисии на акции на акционерски друштва од стопанството.

| Ред Бр. | Издавачи на акции | Број на издадени решенија | Вредност на емисијата Евра | денари | Јавна понуда (ЈП)/ Приватна понуда (ПП) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Трговски друштва од стопанството | 2 | 11.561.710 | 708.982.162 | ПП 2 |
| 2. | Банки | 4 | 70.964.738 | 4.343.827.455 | ЈП 1 / ПП 3 |
| 3. | Друштва за осигурување | 12 | 16.901.185 | 1.028.312.355 | ПП 12 |
| 4. | Др.финансис. институции | 4 | 796.950 | 48.787.101 | ПП 4 |
| | **Вкупно:** | **22** | **100.224.583** | **6.129.909.073** | **ЈП 1 / ПП 21** |







## *Вредност на издадените одобренија за издавање на акции на стопански субјекти, банки и други финансиски институции (во милиони денари)*

| | вредност на издадени одобренија на АДа од стопанството (во милиони денари) | вредност на издадени одобренија на банки и други финансиски институции (во милиони денари) |
|---|---|---|
| 2006 година | 166,94 | 776,02 |
| 2007 година | 163,72 | 1.263,89 |
| 2008 година | 708,98 | 5.420,93 |

***Вредност на издадените одобренија за издавање на акции на стопански субјекти, банки и други финансиски институции (во милиони денари)***




- <u>*Акционерски друштва од стопанството*</u>

Во текот на 2008 година Комисијата одобри две емисии на акции на акционерски друштва од стопанството. Издавачи на хартии од вредност беа Друштвото за градежништво БЕТОН АД Скопје и Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД Скопје.

Вредноста на одобрените емисии на акции на стопанските субјекти во последните три години е прикажана на следниот графикон.

***Вредноста на одобрените емисии на акции на стопанските субјекти (во милиони денари)***




Вредноста на одобрените емисии на акции од акционерски друштва од стопанството во 2008 година (708.982.162 денари) е за 4,3 пати поголема од вредноста на одобрените емисии на акции на овие друштва во 2007 година (163.722.777 денари).

o *Банки*

Во текот на 2008 година 4 банки распишаа емисии на акции, во вкупен одобрен износ од 4.343.827.455 денари. При тоа, три банки преку приватни понуди на акции прибраа средства во вкупен износ од 1.275.262.455 денари. Банките на кои Комисијата им одобри приватни понуди на акции се: Комерцијално Инвестициона банка АД Куманово (со нов назив: Статер банка АД Скопје); Силекс банка АД Скопје и НЛБ Тутунска банка АД Скопје. Четвртата банка, на која Комисијата и издаде одобрение за нова емисија на акции е Комерцијална банка АД Скопје, која распиша јавна понуда на акции во вкупна емисиска вредност од 3.068.565.000 денари. Јавната понуда беше одобрена од Комисијата на крајот на септември 2008 година, а поканата за запишување и уплата на акциите објавена на 18.10.2008 година. Јавната понуда е во тек и истата треба да се реализира до 18.10.2009 година.

Вредноста на одобрените емисии на акции на банките во последната деценија е прикажан во следниот графикон:

**_Вредноста на одобрените емисии на акции на банките (во милиони денари)_**




o *Други финансиски институци*

Што се однесува до останатите финансиски институции, во текот на 2008 година, забележително е учеството на друштвата за осигурување. Во 2008 година од вкупно 16 одобрени емисии на акции од небанкарски финансиски институции, 12 емисии беа распишани од друштва за осигурување, 2 емисии беа распишани од една брокерска куќа и по една емисија на акции распишаа друштво за управување со фоднови и клириншка куќа. Вкупниот емисиски износ на одобрените емисии на акции од небанкарските финансиски институции во 2008 година изнесува 1.077.099.456 денари. При тоа, учеството на емисиите од друштвата за осигурување е најголемо со вкупен износ на емисиите од 1.028.312.355 денари.

Карактеристично во 2008 година беше значително зголеменото учество на друштвата за осигурување на примарниот пазар на хартии од вредност. Индикативно е што од основањето на Комисијата (1992 година) до 2007 година одобрени се вкупно 8 емисии на акции на друштва за осигурување, а само во 2008 година Комисијата одобри 12 емисии на акции на друштва за осигурување. Интензивноста на издавањето на акции од страна на друштвата за осигурување, во основа, произлегуваше од

потребата друштвата да ја усогласат големината на својата основна главнина согласно одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување од 2007 година.

**Одобренија за нови емисии на обврзници**

Во текот на 2008 година, Комисијата разгледа и одобри едно барање за давање одобрение за емисија на долгорочни должнички хартии од вредност - корпоративни обврзници. Имено, во 2008 година беше распишана првата јавна понуда на корпоративни обврзници во Република Македонија. Издавач на овие обврзници е НЛБ Тутунска Банка АД Скопје.

Комисијата на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје и издаде одобрение за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност - прва емисија на 12.000 обврзници со поединечна номинална вредност од 1.000 евра и вкупна вредност на емисијата од 12.000.000 евра. Обврзниците се неконвертибилни, преносливи обврзници со право на камата и право на исплата на номиналната вредност на обврзниците. Каматната стапка изнесува 6. месечен ЕУРИБОР + 1,2%. Пресметката на каматата ќе се врши по пропорционална метода (со примена на календарски број денови во годината). Исплатата на каматата ќе се врши полугодишно. Номиналната вредност на обврзниците ќе се исплати на денот на доспевање на обврзницата. Рокот на доспевање на обврзниците е три години. Обврзниците што НЛБ Тутунска Банка АД Скопје ги издаде за потребите на управување со структурна ликвидност, обезбедување на долгорочни извори за финансирање на активностите на банката и управување со каматните ризици, ќе бидат исплаќани од сопствените средства на банката и редовните приливи. Кон крајот на годината, емисијата на обврзници беше реализирана со процент на успешност од 88,86%, односно НЛБ Тутунска банка АД Скопје прибра 10.663.000 евра (653.494.868,50 денари) преку продажба на 10.663 обврзници. Најголем дел од обврзниците односно 10.000 обврзници беа откупени од две банки.

Вредноста на емисијата на корпоративни обврзници претставува 10,30% од вредноста на вкупно одобрените емисии на хартии од вредност во 2008 година.







Во продолжение е прикажан преглед на емисиите на хартии од вредност, одобрени во текот на 2008 година.

***Емисии на долгорочни хартии од вредност, одобрени од Комисијата за хартии од вредност***

***во текот на 2008 година***

| | **Издавач** | **редослед на емисија** | **број и вид на ХВ** | **номинална вредност** | **продажна цена** | **вкупна продажна вредност на емисијата во МКД** | **тип на понуда** | **% на реализац.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Комерцијално Инвестициона Банка АД Куманово | VII емисија на акции | 215.000 обични акции | 1.720 ден. | 1.720 ден. | 369.800.000 ден. | приватна понуда | 100,00% | паричен влог |
| **2.** | Друштво за осигурување СИГМА АД Скопје | III емисија на акции | 300.000 обични акции | 10 € | 10 € | 183.939.000 ден. | приватна понуда | 100,00% | паричен влог |
| **3.** | НЛБ Тутунска банка АД Скопје | I емисија на обврзници | 12.000 обврзници | 1.000 ден. | 1.000 ден. | 734.686.800 ден. | јавна понуда | 88,86% | уплата во пари |
| **4.** | Брокерска куќа Еуро брокер АД Скопје | II емисија на акции | 2.277 обични акции | 100 € | 100 € | 13.927.293 ден. | приватна понуда | 100,00% | од средства на друштвото |
| **5.** | Клириншка куќа Клириншки интербанкарски систем АД Скопје | VII емисија на акции | 1.467 обични акции | 10.000 ден. | 10.000 ден. | 14.670.000 ден. | приватна понуда | 100,00% | од средства на друштвото |
| **6.** | Друштво за осигурување ГРАВЕ АД Скопје | II емисија на акции | 186 обични акции | 1.000 € | 1.000 € | 11.376.764 ден. | приватна понуда | 100,00% | од средства на друштвото |
| **7.** | АД за осигурување Евроинс осигурување - Скопје (претходно: Макошпед осигурување АД Скопје) | IV емисија на акции | 557 обични акции | 511,29 € | 41.500 ден. | 23.115.500 ден. | приватна понуда | 100,00% | од средства на друштвото |
| **8.** | Комерцијална банка АД Скопје | V емисија на | 471.000 обични | 1.000 ден. | 6.515 ден. | 3.068.565.000 ден. | јавна | во тек | паричен влог |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | акции | акции | | | | понуда | | |
| 9. | Силекс банка АД Скопје | XIII емисија на акции | 92.038 обични акции | 43,46 € | 43,46 € | 244.674.255 ден. | приватна понуда | 100,00% | паричен влог |
| 10. | Друштво за управување со фондови Илирика Фунд Менаџмент АД Скопје | II емисија на акции | 15.000 обични акции | 10 € | 10 € | 9.178.470 ден. | приватна понуда | 100,00% | паричен влог |
| 11. | НЛБ Тутунска банка АД Скопје | XIV емисија на акции | 68.440 обични акции | 1.000 ден. | 9.655 ден. | 660.788.200 ден. | приватна понуда | 100,00% | паричен влог |
| 12. | Друштво за осигурување ИНСИГ Македонија АД Скопје | III емисија на акции | 1.500 обични акции | 1.000 € | 1.000 € | 91.761.150 ден. | приватна понуда | 100,00% | паричен влог |
| 13. | Брокерска куќа Еуро брокер АД Скопје | III емисија на акции | 1.800 обични акции | 100 € | 100 € | 11.011.338 ден. | приватна понуда | 100,00% | паричен влог |
| 14. | Национална групација за осигурување Осигурителна полиса АД Скопје | III емисија на акции | 47.901 обични акции | 10 € | 10 € | 22.299.078 ден. | приватна понуда | 100,00% | од средства на друштвото |
| 15. | Друштво за осигурување АЛБСИГ АД Скопје | II емисија на акции | 225.000 обични акции | 10 € | 10 € | 137.600.775 ден. | приватна понуда | 100,00% | паричен влог |
| 16. | Друштво за осигурување Сигал Уника Груп Австрија АД Скопје (претходно: СИГАЛ АД Скопје) | II емисија на акции | 156 обични акции | 1.595 € | 1.595 € | 15.221.340 ден. | приватна понуда | 100,00% | од средства на друштвото |
| 17. | АД за осигурување Евроинс осигурување - Скопје | V емисија на акции | 2.786 обични акции | 511,29 € | 41.500 ден. | 115.619.000 ден. | приватна понуда | 100,00% | паричен влог |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **18.** | АД за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД Скопје | II емисија на акции | 63.950 обични акции | 51,13 € | 93,82 € | 368.459.642 ден. | приватна понуда | 100,00% | паричен влог |
| **19.** | Друштво за градежништво Бетон АД Скопје | II емисија на акции | 21.756 обични акции | 255,65 € | 255,65 € | 340.522.520 ден. | приватна понуда | 50,00% | паричен влог |
| **20.** | Кроација осигурување АД Друштво за осигурување живот Скопје | II емисија на акции | 22.500 обични акции | 100 € | 100 € | 137.641.725 ден. | приватна понуда | 100,00% | паричен влог |
| **21.** | Друштво за осигурување ГРАВЕ АД Скопје | III емисија на акции | 2.064 обични акции | 1.000 € | 1.000 € | 126.737.650 ден. | приватна понуда | 100,00% | паричен влог |
| **22.** | Национална групација за осигурување Осигурителна полиса АД Скопје | IV емисија на акции | 110.000 обични акции | 10 € | 10 € | 67.541.980 ден. | приватна понуда | во тек | паричен влог |
| **23.** | Друштво за осигурување Сигал Уника Груп Австрија АД Скопје | III емисија на акции | 975 обични акции | 1.595 € | 1.595 € | 95.458.393 ден. | приватна понуда | во тек | паричен влог |

Во продолжение се дадени споредбени податоци за бројот и вредноста на одобрените емисии на акции и за бројот и вредноста на одобрените емисии на хартии од вредност (акции и обврзници) во последните три години. Исто така, подолу се прикажани и бројот на издадени одобренија, дозволи и согласности на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност во последните три години.







број на одобрени емисии на хартии од вредност
(акции и обврзници) по издавачи
14
12
10
8
6
4
2
0
2006 година
2007 година
2008 година
стопанство
банки
друштва за осигурување
други финански институции


Број на издадени одобренија, дозволи и согласности на пазарните учесници
број на одобренија, дозволи, согласности
100
90
80
70
60
50
40
30
20
10
0
0 2 5
0 3 5
0 7 6
4 15 19
0 0 45
91 43 39
друштва за управување со фондови
отворени инвестициски фондови
брокерски куќи/банки
директори на пазарните учесници
инвестициски советници
брокери
тип на одобренија по години
2006 година
2007 година
2008 година

## 2. Одобренија за понуди за продажба на сопствени акции

Согласно Законот за хартии од вредност од 2005 година, продажбите на сопствените акции на друштвата подлежат на одобрение од Комисијата, при што постапката за оттуѓување на овие акции е идентична како и постапката за првично издавање т.е. емисија на хартии од вредност.

Во текот на 2008 година Комисијата разгледа 4 барања за давање одобрение за продажба на сопствени акции, при што Комисијата издаде 3 одобренија за продажба на сопствени акции, а 1 барање беше одбиено заради утврдени формално правни и материјално правни недостатоци на документацијата. Во текот на 2008 година, покрај разгледаните 4 барања, беше поднесено уште 1 барање, за кое Комисијата ќе одлучува во 2009 година.

Трите одобрени понуди на сопствени акции беа реализирани како приватни понуди. Вкупната номинална вредност на одобрените понуди на сопствени акции изнесува 15.396.500 денари (251.623 евра), додека одобрениот продажен износ на истите изнесува 67.085.905 денари (1.096.372 евра). Како продавачи на сопствени акции на пазарот на хартии од вредност се јавија следните издавачи: Извозна и кредитна банка АД Скопје, Инвестбанка АД Скопје и Охридска банка АД Охрид.

Вкупната вредност на одобрените понуди на сопствени акции во 2008 година (67.085.905 денари) е за речиси седум пати поголема во однос на вкупната вредност на одобрените понуди на сопствени акции во 2007 година (9.694.800 денари), кога исто така беа одобрени три понуди на сопствени акции.

Во продолжение е прикажан преглед на понудите за продажба на сопствени акции, одобрени во текот на 2008 година.

***Понуди за продажба на сопствени акции, одобрени од Комисијата во текот на 2008 година***

| Издавач | број и вид на ХВ | номинал на вредност | продажн а цена | вкупна продаж. вред. на понудата | | тип на понуда | проце нт на реали зација % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ЕВРА | ДЕНАРИ | | |
| Извозна и кредитна банка АД Скопје | 1.051 обични акции | 10.000 ден. | 49.000 ден. | 841.629 € | 51.499.000 ден. | приватн а понуда | 100 |
| Инвестбанка АД Скопје | 525 обични акции | 2.670 ден. | 9.258 ден. | 79.429 € | 4.860.450 ден. | приватн а понуда | 100 |
| Охридска банка АД Скопје | 1.315 обични акции | 2.650 ден. | 8.157 ден. | 175.314 € | 10.726.455 ден. | приватн а понуда | 100 |

### 3. Одобренија за давање јавна понуда за откуп на хартии од вредност

Согласно Законот за преземање на акционерските друштва јавна понуда за откуп на хартии од вредност при преземање на акционерско друштво со посебни обврски за известување, се дава врз основа на претходна дозвола од Комисијата.

Во текот на 2008 година Комисијата издаде 3 дозволи за понуда за откуп врз основа на Законот за преземање на акционерските друштва, од кои 2 дозволи за давање понуда за откуп се однесуваат на откуп на обични акции од банки.

Имено, во јануари 2008 година, Комисијата донесе решение за давање дозвола на Централна кооперативна банка АД Софија (Република Бугарија) за понуда за откуп на обичните акции издадени од Силекс банка АД Скопје. Понудата за откуп ја даде Инвестброкер АД Скопје, во име и за сметка на Централна кооперативна банка. Во февруари 2008 година Комисијата донесе решение со кое ја утврди за успешна понудата за откуп на обичните акции издадени од Силекс банка АД Скопје. Врз основа на оваа понуда, Централна кооперативна банка АД Софија се стекна со 136.658 обични акции, односно 62,57% од акциите со право на глас издадени од Силекс банка АД Скопје, кои заедно со претходно поседуваните 35.000 обични акции и обезбедуваат учество од 171.658 обични акции од Силекс банка АД Скопје, односно 78,60% од акциите со право на глас издадени од Силекс банка АД Скопје.

Втората банка, која во текот на 2008 година беше преземена врз основа на одредбите од Законот за преземање на акционерските друштва беше Инвестбанка АД Скопје. Имено, во август 2008 година, Комисијата за хартии од вредност донесе решение за давање дозвола на Steiermarkische Bank und Sparkassen AG, Грац, Република Австрија за откуп на обичните акции издадени од Инвестбанка АД Скопје. Понудата за откуп ја даде Инвестброкер АД Скопје, во име и за сметка на Steiermarkische Bank und Sparkassen AG. Во септември 2008 година Комисијата донесе решение со кое ја утврди за успешна понудата за откуп на обичните акции издадени од Инвестбанка АД Скопје. Врз основа на оваа понуда, Steiermarkische Bank und Sparkassen AG, се стекна со 243.786 обични акции, кои обезбедуваат учество од 95,84% од акциите со право на глас издадени од Инвестбанка АД Скопје. Имајќи предвид дека во постапката за преземање, понудувачот откупи повеќе од 95% од акциите со право на глас на Инвестбанка АД Скопје, понудувачот се стекна со правото на принудна продажба и обврската за принудно купување регулирани со Законот за преземање на акционерските друштва. Понудувачот Steiermarkische Bank und Sparkassen AG, Грац, Република Австрија го искористи правото од Законот и поднесе барање за принудна продажба на акциите на акционерите кои не ја прифатиле понудата за откуп.

Третата понуда за откуп на акции со право на глас издадени од акционерско друштво со посебни обврски за известување беше дадена за преземање на акционерско друштво од стопанството. Имено, во април 2008 година, Комисијата донесе решение за давање дозвола на ИНГРА д.д.

Загреб, Република Хрватска за понуда за откуп на обичните акции издадени од АДГ Маврово - Скопје. Понудата за откуп ја даде ТТК Банка АД Скопје, Дирекција за хартии од вредност, експозитура Скопје, во име и за сметка на ИНГРА д.д. Загреб. Во мај 2008 година Комисијата донесе решение со кое ја утврди за успешна понудата за откуп на обичните акции издадени од АДГ Маврово - Скопје. Врз основа на оваа понуда, понудувачот - ИНГРА д.д. Загреб стекна 109.913 обични акции, кои заедно со претходно поседуваните 56.802 обични акции издадени од АДГ Маврово - Скопје му обезбедуваат учество од 166.715 обични акции што претставува 79,01% од акциите со право на глас издадени од АДГ Маврово - Скопје.

### 4. Одобренија за основање на друштва за управување со инвестициски фондови

Во текот на 2008 година Комисијата издаде решенија за основање на 5 друштва за управување со инвестициски фондови. Друштвата кои се основаа во текот на 2008 година се: Мој Фонд АД Скопје; КД Фондови АД Скопје; Сава инвест АД Скопје; МП Инвест АД Скопје и КБ Публикум АД Скопје.

Истовремено, врз основа на одредбите од Законот за инвестициони фондови, за секое од петте друштва, Комисијата издаде согласност на Статутот на друштвото и согласност за именување на членовите на Одборот на директори на друштвото.

### 5. Одобренија за основање на отворени инвестициски фондови

По основањето на друштвата за управување со фондови, три друштва од Комисијата добија одобренија за основање на отворени нвестициски фондови. Во септември 2008 година Комисијата го одобри основањето на пет отворени инвестициски фондови: Мој Фонд отворен инвестициски фонд; КД БРИК отворен инвестициски фонд; КД Јужен Балкан отворен инвестициски фонд; Отворен инвестициски фонд Сава инвест балансирачки фонд; Отворен инвестициски фонд Сава инвест растечки фонд акции.

Воедно, Комисијата ги одобри и следните акти на фондовите: Статут, Проспект и договорот со депозитна банка (банка чувар на имот).

***Издадени одобренија за основање на друштва за управување со инвестициски фондови и за основање на инвестициски фондови во 2008 година:***

| | **Друштво за управување со фондови** | **висина на основна главнина при основање** | **Инвестициони фондови со кои управува** |
|---|---|---|---|
| 1. | Мој фонд АД Скопје | 100.000 евра | 1. Мој Фонд отворен инвестициски фонд |
| 2. | КД Фондови АД Скопје | 150.000 евра | 1. КД БРИК отворен инвестициски фонд<br>2. КД Јужен Балкан отворен инвестициски фонд |
| 3. | Сава инвест АД Скопје | 200.000 евра | 1. Отворен инвестициски фонд САВА ИНВЕСТ БАЛАНСИРАЧКИ ФОНД<br>2. Отворен инвестициски фонд САВА ИНВЕСТ РАСТЕЧКИ ФОНД АКЦИИ |
| 4. | МП Инвест АД Скопје | 200.000 евра | |
| 5. | КБ Публикум АД Скопје | 500.000 евра | |

## 6. Дозволи за работење на брокерски куќи, дозволи на банки за работење со хартии од вредност и дозволи на подружници на странски брокерски куќи за работење со хартии од вредност во Република Македонија

Во текот на 2008 година Комисијата издаде решенија за основање на пет брокерски куќи и на една организациона единица на банка за работа со хартии од вредност. Брокерските куќи кои се основаа во текот на 2008 година се: Пеон брокер АД Скопје; Мој брокер АД Скопје; Еурохаус АД Скопје; Делта брокер АД Скопје и Нови триглав АД Скопје. Покрај петте брокерски куќи, дозвола за работа со хартии од вредност доби и секторот за инвестициско банкарство на Статер банка АД Скопје.

Во поглед на видот на издадените дозволи за работа на брокерска куќа, Комисијата издаде:

- една дозвола за вршење на сите дејности од член 94 од Законот за хартии од вредност, односно:
  - а) купување и продавање на хартии од вредност по налог и за сметка на клиентот;
  - б) купување и продавање на хартии од вредност во свое име и за своја сметка;

в) управување со портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на индивидуален клиент;

г) вршење на трансакции и активности за сметка на издавач на хартии од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност, без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност;

д) вршење на трансакции и активности за сметка на издавач на хартии од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност, со задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност;

ѓ) дејствување како покровител при котација;

е) инвестиционо советување и

ж) извршување на трансакции и активности за сметка на трети лица потребни за преземање на едно акционерско друштво во согласност со Законот за преземање на акционерски друштва.

- една дозвола за вршење на дејностите од член 94 точки а), в), ѓ) и е) од Законот за хартии од вредност и:
- четири дозволи за вршење на дејностите од член 94 точки а), ѓ) и е) од Законот за хартии од вредност.

***Издадени дозволи на брокерски куќи односно на организациони единици на банки за работа со хартии од вредност во 2008 година:***

| | **брокерска куќа** | **висина на основна главнина при основање** | **дејности согласно член 94 од Законот за хартии од вредност** |
|---|---|---|---|
| 1. | Пеон брокер АД Скопје | 76.023 евра | а), ѓ) и е) |
| 2. | Мој брокер АД Скопје | 80.000 евра | а), ѓ) и е) |
| 3. | Еурохаус АД Скопје | 150.000 евра | а), в), ѓ) и е) |
| 4. | Делта брокер АД Скопје | 75.000 евра | а), ѓ) и е) |
| 5. | Нови Триглав АД Скопје | 160.000 евра | а), ѓ) и е) |
| 6. | Статер банка АД Куманово - Сектор за инвестициско банкарство | 601.573.440 денари (основна главнина на банката) | сите |

## 7. Ликвидација на брокерски куќи

Во текот на 2008 година, согласно Законот за хартии од вредност беа ликвидирани две брокерски куќи и тоа КБЦ Секјуритис Скопје АД Скопје и Бета Брокер АД Скопје. И двете брокерски куќи беа ликвидирани по донесени соодветни одлуки за ликвидација од страна на Одборот на Директори на брокерските куќи. Непосредна причина за ликвидавија на овие две брокерски

куќи беше и неможноста на истите да ја одржуваат висината на основната главнина согласно ЗХВ, која понатаму имаше негативни реперкусии и врз ликвидноста на самите брокерски куќи. Согласно законските одредби , Комисијата пред да поведе постапка за ликвидација врши контрола врз работењето на брокерските куќи од аспект на заштита на клиентите на таа брокерска куќа но и на сите учесници во пазарот на капитал во Република Македонија. Решенијата за ликвидација на брокерските куќи ги носи Комисијата, при што најпрвин се одзема дозволата за работа на брокерската куќа а потоа се носи решение за исполнување на условите за ликвидација на истата. Во овој поглед ликвидацијата на двете брокерски куќи беше спроведена согласно сите позитивни законски одредби при што се водеше сметка за максимална заштита на правата на инвеститорите.

### 8. Согласности за именување директори на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност

Именувањето директор на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија подлежи на согласност од Комисијата.

Во 2008 година Комисијата издаде 19 согласности за именување директори на овластени учесници на пазарот на хартии од вредност, од кои 13 согласности за именување директор на брокерска куќа, 5 согласности за именување директор на организациона единица на банка за работа со хартии од вредност и една согласност за именување на вршител на должност директор на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Покрај тоа, во 2008 година Комисијата донесе и едно решение за одбивање на барањето за согласност за директор на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност.

### 9. Уверенија за овластени лица за работа со хартии од вредност

Во текот на 2008 година, Комисијата ја организираше 13тата обука на кадри за вршење на работи со хартии од вредност. Во текот на годината Комисијата организираше 2 испитни сесии, на кои 176 кандидати го положија испитот за работа со хартии од вредност и се стекнаа со Уверенија за работа со хартии од вредност.

### 10. Дозволи за работа со хартии од вредност - брокери

Со Законот за хартии од вредност е регулирано дека за да едно лице работи како брокер, покрај тоа што треба да го има положено испитот за работа со хартии од вредност, потребно е и формално да добие дозвола за работа како брокер.

Согласно одредбите од Законот за хартии од вредност, а врз основа на поднесени барања од лица со положен испит за работа со хартии од вредност, во текот на 2008 година, Комисијата за хартии од вредност донесе 39 решенија за давање дозвола за работење на брокер.

## 11. Дозволи за работа на инвестициони советници

Со Законот за хартии од вредност е регулирано дека за да едно лице работи како инвестициски советник, покрај тоа што треба да го има положено испитот за инвестициско советување, потребно е и формално да добие дозвола за работа како инвестиционен советник.

Согласно одредбите од Законот за хартии од вредност, а врз основа на поднесени барања од лица со положен испит за инвестициски советник, во текот на 2008 година, Комисијата донесе 45 решенија за давање дозвола за работење на инвестициски советник.

## III. Зајакнување на системот на известување во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известувања во Комисијата за хартии од вредност

### 1. Регулатива

Транспарентноста за работењето на акционерските друштва и воопшто информирањето на јавноста, финансиската состојба и финансиските резултати на друштвата во Република Македонија, претставува основа кон привлекувањето на потенцијалните инвеститори, како и информирање на постојните.

Обемот во кој се достапни релевантните информации и податоци објавени во јавноста е основниот фактор кој има влијание во носењето издржани одлуки при инвестирањето во одредени хартии од вредност.

Имајќи го предвид ова, и во изминатата 2008 година, "Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување", што го води Комисијата на потенцијалните инвеститори им овозможуваше точни, целосни, навремени информации врз основа на кои можеа да носат правилна, вистинска и профитабилна деловна одлука за вложување на својот капитал.

Во Регистарот кој го води Комисијата за хартии од вредност се запишуваат акционерски друштва кои се основани и работат во Република Македонија и притоа извршиле јавна понуда на хартии од вредност или имаат основна главнина од 1.000.000 ЕВРА во денарска противвредност и повеќе од 100 акционери или се котирани на овластената берза, односно исполнуваат на било кој од овие услови поединечно.

Измените и дополнувањата во регистарот, Комисијата ги врши врз основа на податоците кои ги добива од самите акционерски друштва, од овластениот депозитар за хартии од вредност, берзата на хартии од вредност, централниот регистар, надлежниот суд или врз основа на податоците од евиденцијата со која располага Комисијата.

Акционерското друштво се брише од Регистарот во Комисијата при намалување на бројот на акционери во акционерското друштво со посебни обврски за известување (во понатамошниот текст: акционерско друштво) под предвидениот минимум од 100 акционери или доколку се намали основната главнина под определениот минимум од 1.000.000 ЕВРА.

Покрај одредбите на Законот за хартии од вредност, Комисијата во текот на 2008 година ги применуваше и подзаконските акти кои овозможија олеснета примена на одредбите од законот.

Во 2008 година донесен е нов Правилник за формата и содржината на годишните, полугодишните, тримесечните и тековните извештаи, резимето од годишните извештаи, материјали за акционерски собранија на акционерските друштвата со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност (Службен весник на Република Македонија бр. 112/2008), кој ќе се применува од 01-01-2009 година.

Кон Правилникот, Комисијата во соработка со IFC и подршката на Швајцарскиот секретаријат за економски прашања во октомври 2008 година издаде и промовираше Прирачник за акционерските друштва со посебни обврски за известување.

Со прирачникот, на акционерски друштва од Регистарот на едно место им се овозможи систематизирано и на унифициран начин да ги согледаат активностите кои наведените друштва се должни да ги превземат заради исполнување на обврските согласно Законот за хартии од вредност.

Акционерските друштва од Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известувања согласно Законот за хартии од вредност до Комисијата доставуваат: годишни извештаи, полугодишни извештаи, тримесечни финансиски извештаи, тековни соопштенија и материјали за акционерски собранија, извештаи за сопственоста на членовите на органите на управување и директорите и извештаи за сопственоста на одредени акционери.

## 2. Состојби во регистарот

Во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известувања од 01-01-2006 година, заклучно со 31-12-2008 година Комисијата има извршено промени во поглед на бројот на акционерските друштва од Регистарот и тоа:

***Промени на бројната состојба во Регистарот на Комисијата за периодот од 01-01-2006 година до 31-12-2008 година***

| **Период** | **Број на акционерски друштва во Регистарот** |
|---|---|
| 01-01-2006 година | 160 |
| 31-12-2006 година | 157 |
| 01-01-2007 година | 157 |
| 31-12-2007 година | 144 |
| 01-01-2008 година | 144 |
| 31-12-2008 година | 141 |

Измените, односно внесувањата и бришењата на акционерските друштва од Регистарот заклучно со 31-12-2008 година во најголем дел се

извршени врз основа на состојби добиени од Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Состојбата во однос на бројот на постапувањата на акционерските друштва од Регистарот односно доставени и објавени известувања согласно обврските од законот и подзаконските акти за 2006, 2007 споредено со 2008 година е следна:

| *Период за кој се однесуваат податоците*[1] | *Бр. на годишни известува. и ревидирани финансики извештаи* | *Број на полугод. – шестмес. известув.* | *Број на тримесечни известувања* | | *Број на друштва кои доставиле други информации* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | I тромесечје | III тромесечје | |
| **2006** | 69 | 66 | 39 | 42 | 24 |
| **2007** | 81 | 74 | 69 | 80 | 20 |
| **2008** | 83 | 103 | 101 | 104 | 31 |

Од погореизнесените податоци може да се констатира дека акционерските друштва кои се водат во Регистарот на Комисијата во 2008 година во исполнувањето на обврските имаат зголемување на бројот на доставите до Комисијата и на објавите, но при тоа треба да се има предвид дека и бројот на друштвата во Регистарот е намален.

Бројот на акционерските друштва од Регистарот е намален во најголем дел заради поведените стечајни и ликвидациони постапки.

Свој придонес во зголемувањето на бројот на доставување на податоци во Регистарот имаат пред се одржаните работилници и семинари со акционерските друштва со посебни обврски за известување во кои активно учествуваше Комисијата.

Имено, Комисијата во првата половина на 2008 година, во соработка со USAID-Проект за деловно опкружување, организираше работилници специјализирани за потребите на акционерските друштва во Република Македонија кои се водат во Регистарот на Комисијата на тема ,, Зошто акционерските друштва треба да прибираат капитал преку издавање на хартии од вредност и кои се придобивките од транспарентно објавување на податоци,,.

[1] Во оваа табела опфатени се и податоците кои друштвата ги доставиле по истекот на законски предвидениот рок

Работилниците се одржуваа во поголемите градови во Македонија односно во местата каде се наоѓаат поголемиот број на акционерските друштва со посебни обврски за известување заради овозможување подиректен и поблизок пристап, како и комуникација со истите од страна на Комисијата. Одржани се вкупно шест работилници и тоа по една во Тетово, Струмица, Битола, Штип и две во Скопје.

Комисијата во соработка со Проектот USAID за деловно опкружување во месец јули 2008 година започна истражување за корпоративно управување кај друштвата со посебни обврски за известување, а со цел осознавање на состојбата кај друштвата во однос на изборот на различните модели на управување. Преку прибраните податоци од ова истражување и нивна анализа, ќе се добие детална слика за тоа колку друштвата со посебни обврски за известување ги практикуваат принципите на доброто корпоративно управување, поточно при изборот и примената на различните модели на управување, што пак ќе придонесе за преземање на активности за подобрување на состојбите во ова област.

Како друга битна причина заради која е зголемен бројот на доставените податоци може со сигурност да се сметаат и барањата за поведување на прекршочни постаки од страна на Комисијата против друштвата кои во досегашното функционирање на Регистарот не доставувале податоци, односно нецелосно ги исполнувале обврските од Законот за хартии од вредност.

Комисијата во текот на 2008 година против акционерските друштва од Регистарот поднесе 38 барања за поведување на прекршочна постапка до надлежните судови. Исто така, согласно измените на Законот за хартии од вредност во текот на 2008 година поднесени се 95 барања за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната Комисија во рамките на Комисијата.

Комисијата започна со изработка на нова веб страница која ќе овозможи директна комуникација на друштвата од Регистарот со Комисијата во поглед на доставувањето и објавувањето на извештаите и податоците од страна на друштвата со што ќе се зголеми и брзината на објавувањето на истите во јавноста.

## IV. Учесници на пазарот на капитал во Република Македонија во 2008 година

### 1. Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје

Во рамките на актуелните општествено-економски услови и примената на важечката регулатива за работење со хартии од вредност, во тргувањето со хартиите од вредност на Македонската берза АД Скопје во 2008 година (класично тргување, блокови, јавна берзанска аукција и други хартии од вредност) е остварен вкупен промет од 202,06 милиони евра, што претставува намалување од 70,32% во однос на вкупниот обем на тргување реализирано во претходната година.

Во текот на 2008 година на Берзата е намалена вредноста на класичното тргување со хартиите од вредност (без блокови).

Вкупниот промет на Македонската берза АД Скопје во 2008 година изнесува околу 132,7 милиони евра (без блок трансакциите), што во однос на остварениот промет од 2007 година претставува намалување од 73,26%, што може да се согледа од графичкиот приказ:

***Вкупен промет на Македонската берза во милиони евра***




Во 2008 година на Македонската берза АД Скопје беа пријавени 52 блок трансакции со вкупна вредност од 4,2 милијарди денари или 183 милиони евра, што претставува намалување од 62,92% од реализираните блокови во 2007 година.

Најголемо учество во прометот со блок трансакции имаа 6 блок трансакции со акциите на ИК банка АД Скопје во вредност од 1,4 милијарди денари што претставува 34,6% од вкупниот промет остварен преку блокови и реализираната блок трансакција со акциите на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје во вредност од 1,2 што претставува 27,17 % од вредноста на реализираните блокови.

На Официјалниот пазар на Берзата се реализирани 27 блок трансакции во вкупна вредност од 877,9 милиони денари (14.33 милиони ЕВРА), додека на Редовниот пазар се реализирани 25 блок трансакции во вкупна вредност од 116 милиони денари (55,2 милиони ЕВРА).

Во текот на цела 2008 година имаше континуирано тргување на берзата со акции со остварен промет од над 108,96,4 милиони евра и 23,8 милиони евра обврзници. Остварени се вкупно 43.265 трансакции со хартии од вредност (со блокови и трансакции на државниот сегмент), што претставува зголемување за 168,25% во однос на остварените трансакции во 2007 година.

Во вкупниот промет (без блокови) на "Македонската Берза"АД Скопје 9,51% отпаѓаат на трансакциите со државните обврзници, а 90,49% отпаѓаат на тргувањата со акции на акционерските друштва. Со другите хартии од вредност (државен сегмент и јавна берзанска аукција) се тргувало на Берзата во 36 трансакции.

Во вкупно реализираниот промет, прометот со хартиите од вредност кои котираат на официјалниот пазар на Берзата учествува со 55,61%, прометот на редовниот (неофицијалниот) пазар во вкупниот промет учествува со 10,06%, блок трансакциите учествуваат со 33,55% и државниот сегмент учествува со 0.77%.

***а) Учество на видовите хартии од вредност во вкупниот промет на Берзата***






### *б) Промет по пазарни сегменти*







### Јавни берзански аукции

Во текот на 2008 година на Берзата се одржаа вкупно 5 јавни берзански аукции на кои што се продаваа акции и удели во сопственост на Фондот на ПИОМ.

На одржаните јавни берзански аукции во 2008 година беа склучени вкупно 36 трансакции и беше остварен промет од 95.729.496 денари. При тоа:

- Преку 4 трансакции беа истргувани обични акции на 4 акционерски друштва при што беше остварен промет од 7.641.454 денари;
- Преку 5 трансакции беа истргувани приоритетни акции на 5 акционерски друштва при што беше остварен промет од 36.581.900 денари;
- Беа истргувани уделите во 27 друштва и остварен промет 51.506.142 денари.

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност, а кој се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, во продолжение е презентирана табела за нивното учество во вкупниот промет по месеци во 2008 година.

### *Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет*

*(вредностите се изразени во %)*

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Продажба домашни физички | 37,28 | 37,49 | 33,06 | 31,24 | 46,70 | 49,13 | 27,91 | 11,24 | 50,48 | 25,55 | 50,29 | 27,14 |
| Продажба домашни правни | 21,67 | 34,81 | 15,87 | 15,27 | 18,92 | 17,93 | 18,78 | 70,60 | 11,44 | 5,84 | 24,13 | 51,26 |
| **ВКУПНО** | **58,95** | **72,30** | **48,93** | **46,51** | **65,62** | **67,06** | **46,69** | **81,84** | **61,92** | **31,39** | **74,42** | **78,40** |
| Продажба странски физички | 5,45 | 5,27 | 9,52 | 6,84 | 1,93 | 3,39 | 7,03 | 0,37 | 9,49 | 11,57 | 8,67 | 3,84 |
| Продажба странски правни | 35,60 | 22,43 | 41,55 | 46,65 | 32,45 | 29,55 | 46,28 | 17,79 | 28,59 | 57,04 | 16,92 | 17,76 |
| **ВКУПНО** | **41,05** | **27,70** | **51,07** | **53,49** | **34,38** | **32,94** | **53,31** | **18,16** | **38,08** | **68,61** | **25,59** | **21,60** |
| Купување домашни физички | 38,95 | 31,07 | 47,38 | 34,44 | 42,27 | 22,57 | 35,19 | 6,51 | 33,81 | 39,09 | 44,18 | 36,58 |
| Купување домашни правни | 33,08 | 18,08 | 32,53 | 29,62 | 26,01 | 34,68 | 21,33 | 6,69 | 40,88 | 53,62 | 34,70 | 51,35 |
| **ВКУПНО** | **72,03** | **49,15** | **79,91** | **64,06** | **68,28** | **57,25** | **56,52** | **13,20** | **74,69** | **92,71** | **78,88** | **87,93** |
| Купување странски физички | 12,19 | 6,21 | 2,25 | 2,73 | 4,16 | 6,76 | 6,03 | 1,02 | 4,22 | 2,01 | 3,72 | 1,27 |
| Купување странски правни | 15,79 | 44,64 | 17,84 | 33,21 | 27,56 | 35,99 | 37,45 | 85,78 | 21,09 | 5,2 | 17,40 | 10,80 |
| **ВКУПНО** | **27,98** | **50,85** | **20,09** | **35,94** | **31,72** | **42,75** | **43,48** | **86,80** | **25,31** | **7,29** | **21,12** | **12,07** |

*Пресметката на процентот во Декември 2008 е без блок трансакцијата со акциите на НЛБ Тутунска банка АД Скопе

Од вкупниот промет остварен на Берзата во 2008 година, 4.356.035.283 Денари (71.062.309 Евра) припаѓаат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори, додека 4.415.817.800 Денари (72.046.934 Евра) се остварени преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар.

## Индекси на Македонската берза АД Скопје

### *Македонски Берзански Индекс - МБИ 10*

На последниот ден на тргување во 2008 година (30.12.2008 година) вредноста на МБИ 10 изнесуваше 2.096,16 индексни поени, што претставува намалување од 72,92% во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2007 година (28.12.2007 година), кога МБИ 10 изнесуваше 7.740,79 индексни поени.

Највисока вредност на МБИ 10 во 2008 година беше постигната на 08.01.2008 година (7.709,24 индексни поени), додека најниска вредност на индексот во 2008 година е постигната на 29.12.2008 година (2.037,26 индексни поени).




На 16.06.2008 година и 15.12.2008 година Комисијата за берзански индекс изврши редовни ревизии на МБИ 10.

Согласно Методологијата за пресметување на Македонски берзански индекс МБИ 10, после двете редовни ревизии на МБИ10 се обичните акции издадени од: Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макстил АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Макпетрол АД Скопје, Топлификација АД Скопје, Бетон АД Скопје, ЗК Пелагонија АД Битола и Охридска банка АД Охрид.

*<u>Индекс на Јавно поседувани друштва МБИД</u>*

На последниот ден на тргување во 2008 година (30.12.2008 година) вредноста на МБИД изнесуваше 2.213,89 индексни поени, што претставува намалување од 73,69% во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2007 година (28.12.2007 година), кога МБИД изнесуваше 8.413,56 индексни поени.

Највисока вредност на МБИД во 2008 година беше постигната на 02.01.2008 година (8.393,82 индексни поени), додека најниска вредност на индексот во 2008 година е постигната на 25.12.2008 година (2.189,02 индексни поени).



Во текот на 2008 година беа извршени четири редовни и една вонредна ревизија на индексот МБИД.

На 31.12.2008 година елементи на МБИД се обичните акции издадени од следните акционерски друштва: Фабрика за цевки 11 Октомври АД Куманово, Арцелормиттал Скопје (ХРМ) АД Скопје, Арцелормиттал Скопје (ЦРМ) АД Скопје, Македонски Телеком АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, Раде Кончар-Апаратна техника АД Скопје, Ќуби Македонија АД Скопје, Тутунска банка АД Скопје, ОКТА АД Скопје, ПОЛИ МЗТ АД Скопје, Попова Кула АД Демир Капија. Единаесетте избрани акции-елементи на МБИД сочинуваат над 57% од вкупниот промет на Пазарот на јавно поседувани друштва.

*<u>Индекс на обврзници - ОМБ</u>*

На последниот ден на тргување во 2008 година (30.12.2008 година) вредноста на ОМБ изнесуваше 107,60 индексни поени, што претставува зголемување од 1,91% во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2007 година (28.12.2007 година), кога ОМБ изнесуваше 105,58 индексни поени.

Највисока вредност на ОМБ во 2008 година беше постигната на 05.06.2008 година (108,49 индексни поени), додека најниска вредност на индексот во 2008 година е постигната на 21.10.2008 година (103,69 индексни поени).




Согласно Методологијата за пресметување на Индексот на обврзници на Македонската Берза ОМБ, Комисијата за берзански индекс на 15.01.2008 година, 15.04.2008 година, 15.07.2008 година и 15.10.2008 година изврши редовни ревизии на Индексот на обврзници ОМБ.

На 31.12.2008 година елементи на ОМБ се: Обврзниците за намирување на побарувањата на граѓаните по основ на депонираните девизни влогови (РМ 01), Обврзниците за денационализација -Прва емисија (РМДЕН 01), Обврзниците за денационализација -Втора емисија (РМДЕН 02),

Обврзниците за денационализација -Трета емисија (РМДЕН 03), Обврзниците за денационализација -Четврта емисија (РМДЕН 04), Обврзниците за денационализација -Петта емисија (РМДЕН 05), Обврзниците за денационализација -Шеста емисија (РМДЕН 06) и Обврзниците за денационализација -Седма емисија (РМДЕН 07). Согласно Методологијата, според учеството на секоја обврзница-елемент на индексот во вкупното тргување со обврзници во периодот помеѓу две ревизии, Комисијата го утврди влијанието на секој елемент на ОМБ врз движењето на индексот, при што влијанието на ниту еден елемент не смее да надминува 30%.

**2. Активностите на брокерските куќи и банките како овластени учесници на Берзата**

Во текот на 2008 година на пазарот на капитал во Република Македонија активно работеа 22 брокерски куќи и 7 деловни банки на кои Комисијата за хартии од вредност им има издадено одобренија за работа со долгорочни хартии од вредност, со што се стекнале со право да бидат членки на Македонската Берза АД Скопје.

Во структурата на остварениот вкупен промет реализиран на "Македонската Берза" АД Скопје во 2006 година 2007 година и 2008 година, брокерските куќи и банки го остварија следното учество во проценти:

| Ред. бр. | Брокерска куќа и банка | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Комерцијална Банка АД Скопје | 24,95 | 20,91 | 26,41 |
| 2 | НЛБ Тутунскаброкер АД Скопје | 9,88 | 11,61 | 20,92 |
| 3 | Иново брокер АД Скопје | 3,65 | 9,41 | 8,12 |
| 4 | Илирика Инвестментс АД Скопје | 3,06 | 8,92 | 6,01 |
| 5 | Ауктор Брокер АД Скопје | * | 0,07 | 5,11 |
| 6 | Фершпед Брокер АД Скопје | 6,75 | 8,93 | 4,82 |
| 7 | Публикум АД Скопје | * | 0,46 | 2,94 |
| 8 | УНИ Банка АД Скопје | 12,96 | 3,46 | 2,86 |
| 9 | Алта Виста Брокер АД Скопје | 1,20 | 3,41 | 2,37 |
| 10 | ВИП АД Скопје | * | 1,47 | 2,34 |
| 11 | Еуро Брокер АД Скопје | 3,80 | 3,56 | 2,21 |
| 12 | Инвестброкер АД Скопје | 7,62 | 3,99 | 2,10 |
| 13 | Бро-Дил АД Скопје | 2,53 | 5,34 | 2,01 |
| 14 | ТТК Банка АД Скопје | 5,85 | 4,47 | 1,99 |
| 15 | Мак-Брокер АД Скопје | 6,29 | 3,29 | ликвид. |
| 16 | Охридска Банка АД Охрид | 1,73 | 1,47 | 1,70 |
| 17 | Стопанска Банка АД Скопје | 5,15 | 3,39 | 1,19 |
| 18 | Пеон брокер АД Скопје | * | * | 1,13 |
| 19 | Битола Брокер АД Битола | 2,81 | 4,29 | 1,03 |
| 20 | Поштел Брокер АД Скопје | 1,24 | 2,07 | 1,01 |
| 21 | ЦК Банка( Силекс) АД Скопје | 0,54 | 0,18 | 0,75 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 22 | КБЦ Секјуритис Скопје АД Скопје | * | 0,17 | 0,51 ликвид. |
| 23 | Делта Брокер АД Скопје | * | * | 0,52 |
| 24 | Мој Брокер АД Скопје | * | * | 0,43 |
| 25 | Еурохаус АД Скопје | * | * | 0,42 |
| 26 | Бета Брокер АД Скопје | * | * | 0,25 ликвид. |
| 27 | Динев Брокер АД Скопје | * | 0,02 | 0,22 |
| 28 | Идеа Плус Брокер АД Радовиш | * | * | 0,22 |
| 29 | Нови Триглав АД Скопје | * | * | 0,18 |
| 30 | Статер (КИБ) Банка АД Куманово | * | * | 0,15 |

Во остварениот вкупен број на трансакции во 2006 година, 2007 година и во 2008 година, брокерските куќи и банки го остварија следното учество во проценти:

| Ред.бр. | Брокерска куќа и банка | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Комерцијална Банка АД Скопје | 21,65 | 17,00 | 15,19 |
| 2 | Иново брокер АД Скопје | 6,18 | 11,16 | 8,74 |
| 3 | НЛБ Тутунскаброкер АД Скопје | 10,76 | 9,22 | 8,34 |
| 4 | Илирика Инвестментс АД Скопје | 4,91 | 6.28 | 7,30 |
| 5 | Алта Виста Брокер АД Скопје | 2,63 | 7,19 | 6,44 |
| 6 | Ауктор Брокер АД Скопје | * | 0,05 | 4,69 |
| 7 | Бро- Дил АД Скопје | 6,27 | 5,67 | 4,46 |
| 8 | Инвестброкер АД Скопје | 4,98 | 4,47 | 3,94 |
| 9 | Еуро Брокер АД Скопје | 6,29 | 6,17 | 4,22 |
| 10 | ВИП АД Скопје | * | 1,06 | 3,83 |
| 11 | ТТК Банка АД Скопје | 7,34 | 6,02 | 3,8 |
| 12 | Публикум АД Скопје | * | 0,52 | 3,61 |
| 13 | Стопанска Банка АД Скопје | 8,98 | 6,30 | 3,46 |
| 14 | Охридска Банка АД Охрид | 2,83 | 2,69 | 3,20 |
| 15 | Пеон брокер АД Скопје | * | 0,07 | 2,96 |
| 16 | Поштел Брокер АД Скопје | 1,98 | 3,05 | 2,73 |
| 17 | Битола Брокер АД Битола | 2,37 | 2,56 | 2,29 |
| 18 | Фершпед Брокер АД Скопје | 2,73 | * | 2,26 |
| 19 | Мак-Брокер АД Скопје | 4,86 | 4,24 | во ликвидација |
| 20 | ЦК Банка( Силекс) АД Скопје | 3,51 | 0,48 | 1,47 |
| 21 | Уни Банка АД Скопје | 1,74 | 1,72 | 1,13 |
| 22 | КБЦ Секјуритис АД Скопје | * | 0,29 | 1,09 во ликвид. |
| 23 | Мој Брокер АД Скопје | * | * | 1,05 |
| 24 | Делта Брокер АД Скопје | * | * | 0,98 |
| 24 | Еурохаус АД Скопје | * | * | 0,73 |
| 26 | Бета Брокер АД Скопје | * | * | 0,65 во ликвид. |
| 27 | Динев Брокер АД Скопје | * | 0,0,4 | 0,62 |
| 28 | Нови Триглав АД Скопје | * | * | 0,45 |
| 29 | Статер (КИБ) Банка АД Куманово | * | * | 0,23 |
| 30 | Идеа Плус Брокер АД Радовиш | * | * | 0,10 |

*Брокерски куќи кои во тој период не биле основани или банка која не располагала со дозвола од КХВ за работа со хартии од вредност.

## Учество на членките на Берзата во реализираниот промет во 2008 година

Податоците врз основа на кои е пресметано учеството на членките на Македонската Берза АД Скопје во остварениот вкупен промет и во вкупниот број на реализирани трансакции се базираат врз двојно пресметување од двете страни на секоја трансакција, и при купување и продавање, со цел да се овозможи вклучување и на активностите и остварените резултати на членките при реализацијата и на вкрстените трансакции.

***Број на трансакции по членки***




***Остварен промет по членки во милиони денари***



## 3. Активности на Централниот Депозитар за хартии од вредност

Во текот на 2008 Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје продолжи со вршењето на своите функции предвидени со Законот за хартии од вредност и Правилата за работа. Во извештајот особено ќе се потенцираат активностите од тековното работење на Депозитарот во 2008 година.

Активности од тековното работење на Депозитарот

Во рамките на тековното работење, во Депозитарот и натаму се спроведуваше непречено утврдувањето и порамнувањето на трансакциии склучени на Македонската берза АД Скопје, порамнувањето на трансакции на ОТЦ пазарот за државни хартии од вредност, водење на индивидуалните сметки за хартии од вредност, спроведување на нетрговски преноси на сопственост врз хартии од вредност и обезбедување на услуги за издавачите на хартии од вредност.

Во текот на 2008 г. се зголеми бројот на доставени барања за податоци од страна на овластени државни органи и институции, како Комисијата за хартии од вредност, надлежните судови, Дирекцијата за спречување на перење на пари, Управата за јавни приходи, Јавното обвинителство и Јавното правобранителство како и овластени извршители.

На почетокот на 2008 година беше реализирана обврската на Депозитарот за испраќање на акционерските книги во електронска форма на Акционерските друштва. Беа испратени 809 акционерски книги (по ИСИН број), до 534 акционерски друштва.

Непречено се одвиваше и редовното годишно известување на имателите на хартии од вредност со состојба на 31.12.2007 година. Во законскиот рок до 31.01.2008 година беа испратени 2368 известувања до правните лица и 73248 известувања до физичките лица. И во текот на годината имателите на сметки кои учествувале во трговските трансакции беа редовно известувани за настанатите промени.

Во текот на 2008 година беа извршени и неколку значајни корпоративни дејства на барање на Издавачите – пресметка на камати, поделба на акции, спојување на емисии.

Беа регистрирани 33 основачки емисии на новорегистрирани друштва и 21 нова емисија на хартии од вредност на веќе основани акционерски друштва.

Во текот на 2008 година беа извршени и 3 преземања согласно Законот за преземање на акционерски друштва.

**Статистички показатели од тековното работење на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје**

1. Податоци за сопственици на акции, обврзници за денационализација и државни харти од вредност

## Општи податоци

Табелата содржи податоци за бројот на иматели на акции, обврзници за денационализација и државни хартии од вредност.

| Број на иматели на акции, државни хартии од вредност, обврзници за денационализација | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Домашни физички лица | 177495 | 171147 | 175405 |
| Домашни правни лица | 2888 | 2900 | 2872 |
| Странски физички лица | 1452 | 1648 | 1636 |
| Странски правни лица | 240 | 269 | 277 |
| Вкупно | 182075 | 175964 | 180222 |




Вкупниот број на порамнети берзански трансакции во 2008 година изнесува 42383.

Следниот графикон прикажува податоци за берзански трансакции по брокерско друштво, изразени во проценти.




Во следнава табела се прикажани податоци за износите на порамнување по брокерско друштво (банка). Податоците се изразени во денари.

| Брокер | Продажба | Купување | Вкрстени трансакции |
|---|---:|---:|---:|
| Држава/ МБХВ | 95.729.495,50 | 0,00 | 0,00 |
| АВ | 297.625.804,00 | 224.938.146,50 | 28.832.739,50 |
| АК | 839.012.618,50 | 151.360.724,50 | 134.338.014,00 |
| ББ | 102.302.511,50 | 87.520.980,00 | 22.549.639,50 |
| БД | 175.210.639,00 | 243.339.300,00 | 38.839.226,00 |
| БЕ | 33.551.308,50 | 27.362.224,00 | 57.263,00 |
| БЛ | 54.445.712,50 | 378.132.484,00 | 133.133.786,00 |
| ВП | 190.232.548,00 | 290.786.083,50 | 48.171.905,50 |
| ДЛ | 36.024.264,50 | 80.353.086,50 | 6.626.288,00 |
| ДН | 30.297.686,00 | 21.307.017,00 | 1.678.210,00 |
| ЕУ | 181.477.125,50 | 252.709.867,50 | 52.711.797,00 |
| ЕХ | 37.086.169,00 | 65.736.119,50 | 243.860,00 |
| ИЛ | 657.608.964,50 | 330.158.153,50 | 231.151.142,00 |
| ИН | 504.109.288,50 | 648.246.581,50 | 423.558.748,00 |
| ИП | 908.318,00 | 5.599.908,50 | 23.768.397,00 |
| КБ | 969.995.970,50 | 1.148.582.786,00 | 2.159.864.233,50 |
| МИ | 175.396.586,00 | 238.624.321,50 | 44.777.513,00 |
| МО | 60.992.642,50 | 44.093.914,50 | 170.675,00 |
| НТ | 13.600.965,50 | 21.168.252,00 | 5.670.800,00 |
| ОХ | 155.042.353,50 | 207.599.053,50 | 21.158.671,50 |
| ПБ | 150.876.225,00 | 395.373.867,00 | 89.418.508,50 |
| ПЕ | 97.792.179,50 | 150.567.657,00 | 14.887.931,50 |
| ПТ | 110.557.486,50 | 131.678.166,50 | 2.495.680,00 |
| СБ | 121.682.337,00 | 121.410.680,50 | 13.362.172,00 |
| СЗ | 66.823.417,50 | 61.762.538,00 | 3.488.610,00 |
| СЛ | 97.644.521,50 | 61.139.704,50 | 10.694.266,00 |
| СТ | 10.723.686,50 | 16.384.151,50 | 5.684.333,50 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ТК | 154.572.980,00 | 259.317.997,00 | 33.905.108,00 |
| ТН | 531.545.032,50 | 584.179.547,00 | 1.835.149.383,00 |
| ФР | 461.602.422,50 | 165.037.947,00 | 281.193.829,00 |









## Нетрговски преноси

Нетрговските преноси се спроведуваат директно во Депозитарот од страна на операторите на сметки. Овие преноси се резултат на правни дела предвидени со законот како правни основи за нетрговски пренос на сопственост (наследство, подарок, компензација), судски одлуки, но и преноси по известувања на издавачите како корисници на услугите на Депозитарот, по основ на запишани и отплатени или неотплатени акции. Прегледот го прикажува бројот на нетрговски преноси во 2008 г., по месец.



Во графиконот се прикажани податоци за 15333 спроведени нетрговски преноси по различни основи, од страна на операторите на сметки во ЦДХВ .

| Година | Наследство | Подарок | Компензација |
|---|---|---|---|
| 2008 | 2095 | 342 | 15 |
| 2007 | 3626 | 733 | 35 |
| 2006 | 2006 | 350 | 34 |

Табелата содржи податоци за нетрговски преноси врз основа на подарок, компензација и наследство, на годишно ниво.

**Увид во акционерски книги**

Во текот на 2008 година со несмален интензитет се извршуваше увид во податоците од акционерските книги. Следната табела содржи податоци за остварувањето на ова право на акционерите

| година | увид на работна станица | подигнати копии |
|---|---|---|
| 2006 | 100 | |
| 2007 | 377 | 185 |
| 2008 | 184 | 107 |

**Податоци за преземање на акционерски друштва**

Во текот на 2008 година беа извршени и 3 преземања согласно Законот за преземање на акционерски друштва.

Податоците околу преземањата се следниве:

| датум на преземање | Акционерско друштво | број на преноси | Вредност на преземањето |
|---|---|---|---|
| 28.2.2008 | Силекс Банка АД Скопје | 107 | 654.728.487,00 |
| 09.05.2008 | АДГ Маврово | 373 | 274.782.500,00 |
| 16.9.2008 | Инвест Банка АД Скопје | 266 | 2.256.970.788,00 |

**4. Активности на Комисијата за хартии од вредност при постапување по барања за издавање согласности на актите на Македонската Берза АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје**

а) Барања за согласност на акти на Македонската Берза АД Скопје

Согласно член 88 од Законот за хартии од вредност, Берзата е должна да бара согласност од Комисијата за:

- статутот и сите негови изменувања и дополнувања;

- правилата за членство, правила за тргување, правила за котација, правилата за арбитража, правилата за однесување и дисциплина и сите нивни измени и дополнувања;

- тарифата и сите нејзини измени и дополнувања и

- различни форми за поврзување и спојување со други берзи.

Заради заштита на инвеститорите или за обезбедување на чесно и правично тргување со хартии од вредност, Комисијата може со решение да и наложи на берзата да изврши измени или да донесе нови акти со кои се уредува работењето на берзата.

Во текот на 2008 година, Комисијата даде согласност на повеќе акти на Македонската Берза АД Скопје, а во определен случај и инициираше измена на актите на Македонската Берза АД Скопје.

<u>Статут</u>

Комисијата во мај 2008 година даде согласност за измена на Статутот на Македонската Берза АД Скопје.

Направената измена на Статутот на Берзата се однесува на промена на седиштето на берзата.

<u>Правила за котација</u>

Во текот на месец март 2008 година, Комисијата даде согласност на измени и дополнувања на Правилата за котација на Македонската берза АД Скопје, со кои се воведува обврска и за акционерските друштва од подсегментот Берзанска котација за доставување на целосни консолидирани ревидирани финансиски извештаи (Ревизорско мислење, Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештај за паричните текови, Извештај за промените во капиталот и Белешки кон финансиските извештаи). Оваа обврска досега беше предвидена само за акционерските друштва од подсегментот Супер котација, а акционерските друштва од подсегментот Берзанска котација доставуваа само консолидирани ревидирани финансиски извештаи (Ревизорско мислење, Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештај за паричните текови, Извештај за промените во капиталот).

<u>Правила за членство</u>

Во јуни 2008 година, Комисијата не даде согласност на предложени измени од страна на Македонската Берза АД Скопје на Правилата за членство. Со предложената измени, Македонска берза АД Скопје предвидува на лицата кои имаат важечка дозвола за работење на инвестиционен советник, да им се овозможи стекнување на право за пристап до БЕСТ системот и тргување со хартии од вредност на берзата – брокери . Ова одтаму што берзата сметаше дека дозволата за работење на инвестиционен советник го инкорпорира во себе нивото на професионални и стручни стандарди што произлегуваат од дозволата за работење на брокер од причина што лицата кои имаат важечка дозвола за работење на

инвестиционен советник поседуваат повисок степен на интегритет, знаење и компетентност во областа на работењето со хартии од вредност.

Комисијата тргнувајќи од одредбите од Законот за хартии од вредност одлучи да не даде согласност на предложената измена од причина што во законот јасно се наведени условите според кои едно лице може да биде овластен брокер. Имено, законот нормира дека извршување на налозите на клиентите како и информирањето на клиентите за купување и за продавање на хартии од вредност можат да ги вршат само овластени брокери, кои имаат положено стручен испит за работење со хартии од вредност. Од наведеното произлегува дека инвестиционите советници кои немаат дозвола за работење на брокер, не можат да извршуваат налози на клиенти и нивната работа во брокерските куќи се ограничува на давање на совети на клиенти.

Следствено, лицата кои имаат дозвола за работење на инвестиционен советник, а немаат дозвола за работење на брокер, не можат да се стекнат со право за пристап до БЕСТ системот за тргување со хартии од вредност на берзата - брокери.

Во исто време, Комисијата, констатира дека е потребно Македонска берза АД Скопје да ги усогласи Правилата за членство во делот на условите за прием во членство каде што како услов за прием на овластен учесник на пазарот за хартии од вредност во членство на берзата е наведено да има најмалку двајца овластени брокери во редовен работен однос. Ова, од причина што Законот за хартии од вредност определува дека брокерска куќа треба да има најмалку две лица во редовен работен однос кои поседуваат дозвола за работење на брокер или дозвола за работење на инвестиционен советник издадена од Комисијата.

Согласно изнесеното, Комисијата констатира дека е потребно Берзата да предвиди за да може една брокерска куќа да добие дозвола за работа со хартии од вредност, да има вработено најмалку едно лице со дозвола за работа на брокер и едно лице со дозвола за работа на инвестиционен советник.

<u>Правила за тргување</u>

Во јуни 2008 година, Комисијата даде согласност за измена и дополнување на Правилата за тргување. Со оваа измена се регулираат определени прашања поврзани со тргување на берзата од страна на членка која купува или продава хартии од вредност врз основа на склучени договори за управување со портфолио на хартии од вредност. Во оваа насока извршени се измени и дополнувања кои се однесуваат на начинот на тргување преку групна сметка, понатаму дефинирани се определени прашања во смисла на користење на групна сметка и нивно внесување во БЕСТ системот (Берзански Електронски Систем за Тргување) како налози со специјален услов за реализација на количина.

Со предметната измена се определува базна цена за одредена хартија од вредност и се воспоставува формула за пресметување на минимална прифатлива количина.

Во октомври 2008 година, Комисијата иницираше измена во Правилата за тргување и Анексите на Македонската берза АД Скопје. Имено откако беа

забележани одредени пропусти  во Анекс 2 од Правилата за тргување на Македонската берза АД Скопје кој се однесува на организирање на јавна берзанска аукција на акции во сопственост на државата, Комисијата со решение ја задолжи берзата да изврши соодветна измена.

Имено, во постоечкиот Анекс 2 од Правилата за тргување на Македонската берза АД Скопје, е регулирана постапката за реализација на јавната берзанска аукција чиј предмет е државниот капитал во форма на акции во акционерски друштва во сопственост на Република Македонија и органите на државната власт, кои ги продаваат овластени државни органи, акциите во сопственост на Фондот на пензиско и инвалидство осигурување на Македонија како и акции понудени од страна на Народна Банка на Република Македонија.

Во Анекс 2 од Правилата за тргување, не е регулирано колку купувачи можат да се јават за истата да биде успешна, со што дадена е можност, јавната берзанска аукција каде од куповна страна се јавува само еден купувач, да може да се затвори, и да дојде до склучување на  трансакција. Поради тоа оставена е можност воопшто да нема услови за наддавање, бидејќи за да постои можност за наддавање потребно е од куповна страна да има најмалку двајца учесници.

Поради наведено се јави потреба од менување на ваквиот начин на реализација на јавната берзанска аукција во поглед на утврдување на минимален број на купувачи кои треба да се јават на аукцијата за истата да биде успешна, при што Комисијата  интервенираше во Правилата за тргување при што определи дека: ,, Јавната берзанска аукција ќе се смета за успешна доколку на истата од куповна страна се јават најмалку двајца заинтересирани домашни и странски правни и физички лица, согласно законските прописи на Република Македонија.

Тарифник

Комисијата  во текот на 2008 година даде согласност на измени и дополнувања на Тарифникот за висината на надоместоците на Македонската Берза АД Скопје.

Воедно,  Комисијата ја задолжи  Македонската Берза АД Скопје да имплементира определни корекции во Тарифникот, во насока на намалување на постоечките надоместоци.

Поаѓајќи од своето законско овластување за наложување на измени во актите на берзата, Комисијата за хартии од вредност изврши намалување на надоместоците кои ги наплатува Берзата, притоа КХВ се водеше од подолунаведените причини кои се во прилог на подобрување на инвестиционата клима во Република Македонија заради остварување на подинамичен општествен развој.

Имено, пазарот на капитал на РМ претставува една значајна компонента од севкупната инвестициона клима со големо развојно влијание, бидејќи на него организирано, фер и на транспарентен начин се врши трансфер на сопственоста на акционерскиот капитал на друштвата и особено претставува место  преку кое инвеститорите ги пласираат своите вишоци, слободни средства во хартии од вредност, мотивирани исклучиво  или од

желбата за остварување на капитална добивка или кај странските инвеститори мотивот за остварување поголем профит од профитот во својата земја  по пат на преземање на домицилните друштва и нивно понатамошно управување.

Бидејќи Република Македонија има мал обем на инвестиционо вложување со кое би го финансирала својот развој, уште повеќе се потенцира важноста и потребата за влез на странски и домашен капитал и со тоа на присуството на искусни и подготвени со знаење странски и домашни индивидуални, а особено институционални инвеститори. Притоа од особена важност е инвеститорите да имаат доверба во пазарот на капитал и да ги сведат трошоците поврзани со вложувањето во хартии од вредност на конкурентно и економско  релативно ниско ниво.

Со вложувањата на инвеститорите преку берзата како организиран пазар на хартии од вредност се овозможува домашните акционерски друштва да обезбедат дополнителни поволни средства за тековното работење и финансирање на својот развој и, што е од посебна важност со промена на сопственичката структура на капиталот се овозможува навлегување на напредни методи на управување, раководење и утврдување на модерни концепти и современи знаења за остварување на успешни резултати и иден динамичен  развој.

Врз основа на наведеното Комисијата донесе решение со кое се предвидени и намалувања на надоместоците поврзани со тргувањето со хартии од вредност (кои во моментот беа релативно повисоки во однос на берзите во регионот), кое е во функција на подобрување на конкурентноста на Македонската берза АД Скопје, посебно во период кога пазарот во РМ заедно со пазарите од регионот и пошироко бележат негативни движења. Намалувањето на трошоците поврзани со тргувањето со хартии од вредност ќе потикне поголем интерес за инвестирање на пазарот на хартии од вредност во РМ.

Решението на Комисијата со кое се наложува на Берзата да намали одредени надоместоци и соодветно да го усогласи предложениот тарифник се базира исклучиво на потребата за поевтинување на услугите за сегашните и идните инвеститори и учесници на пазарот на хартии од вредност овозможувајќи им фер и конкурентен пазар за вложените средства и подобра инвестициона клима.

Целта на намалувањето на надоместоците во Тарифникот на Македонската берза АД Скопје е да се привлечат и домашните компании, кои меѓу другото ја одбегнуваат Македонската берза и поради високите провизии за членство, тргување и котација, што резултира со постојано намалување на бројот на котирани компании на официјалниот пазар на берзата.

### б) Активности на Комисијата при постапување по барања за издавање согласности на актите на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје

Согласно член 46 од Законот за хартии од вредност, Депозитарот е должен да бара согласност од Комисијата за:

- статутот и сите негови изменувања и дополнувања;

- донесување на правилата за работа, правилата за членство, правилата за однесување и дисциплина и правилата за арбитража и сите нивни измени и дополнувања;

- тарифата и сите нејзини измени и дополнувања и

- донесување на акти за различни начини на поврзување или спојување со други депозитари

Заради заштита на инвеститорите или за обезбедување на чесно и правично регистрирање на хартиите од вредност, порамнување на трговски трансакции и вршење на нетрговски пренос, Комисијата може со решение да му наложи на депозитарот да изврши измени или да донесе нови акти со кои се уредува работењето на депозитарот.

Тарифник

Во мај 2008 година, Комисијата даде согласност на измени и дополнувања на Тарифникот за висината на надоместоците на Централниот Депозитар АД Скопје.

Со предметните измени и дополнувања на Тарифникот на Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје е извршено менување на постоечкиот Тарифник на депозитарот во насока на намалување на надоместоците што ги наплатува за своите услуги и тоа на: надоместокот за утврдување и порамнување на трансакции; надоместок за спроведување пренос на сопственост врз основа на реализација на залог, надоместоците за изработка и доставување на акционерска книга на Централниот депозитар која содржи до 1.000 сметки на барање на издавачот, надоместоците за изработка и доставување на акционерска книга на Централниот депозитар која содржи над 1.000 сметки на барање на издавачот, надоместокот за објавување на преземање на акционерско друштво.

Со измените и дополнување на Тарифникот на Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје е извршено и воведување на нови надоместоци заради новите услуги што ги воведува Централниот Депозитар АД Скопје и тоа: надомест за доставување на електронски извод за старателска сметка и надомест за доставување на акционерска книга по електронска пошта. Истовремено, Комисијата го задолжи депозитарот да го намали и надоместокот кој го наплатува за издавање на потврди по барање на физички и правни лица. Во септември 2008 година, Комисијата даде согласност на измени и дополнување на Тарифникот на Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје со кои е извршено менување на постоечкиот Тарифник на депозитарот при што го намалува надоместокот за пресметка на обврските за утврдување и порамнување на трансакциите на учесниците во порамнувањето и спроведување на преносот на хартии од вредност. Овие измени и дополнувања на тарифата произлегоа од намерата, сите субјекти-учесници на пазарот на капитал, со намалување на надоместоците кои инвеститорите ги плаќаат при вложување во хартии од вредност, да им се овозможат услови за привлекување на нови инвестиции

како и заради усогласување на истите со надоместоците што ги наплатуваат депозитарите од регионот.

Правила за работа

Комисијата во јануари 2008 година даде согласност за измени и дополнувања на Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Измените на Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје се извршени со цел нивно усогласување со измените на Статутот на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, со кои се изврши промена на системот на управување на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и се премина од двостепен на едностепен систем на управување. Во март 2008 година, Комисијата даде согласност на измени и дополнувања на Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје со кои се дефинирани поимите на застапувачка сметка, старателска сметка и на портфолио сметката. За старателска сметка се определува дека една старателска банка, може да отвори една старателска сметка за еден инвеститор. Во делот на дефиницијата за портфолио сметка, се определени минимум елементите кои треба да ги содржи договорот за водење на портфолио на хартии од вредност.

Се определува дека еден вложувач не може да има повеќе портфолио сметки во иста брокерска куќа/банка. По престанокот на договорот за водење на портфолио на хартии од вредност, брокерската куќа/банката, до депозитарот доставува известување за видот и количината на хартиите од вредност кои треба да бидат пренесени на основната сметка за хартии од вредност на вложувачот. Доколку договорот предвидува надоместокот за брокерската куќа/банка да биде во хартии од вредност, во известувањето кое го доставува до депозитарот, брокерската куќа/банка наведува кои хартии од вредност по вид и количина треба да бидат пренесени на основната сметка на брокерската куќа/банка.

Истовремено, Комисијата го задолжи депозитарот во делот од правилата, кој се однесува на старателската сметка, да додаде одредба дека лицето за чија сметка води грижа старателот, не може самостојно да располага со старателската сметка, без согласност во писмена форма од старателот.

Воедно, Комисијата го задолжи депозитарот во делот на елементите на договорот за водење на портфолио на хартии од вредност, како еден од елементите на истиот да определи и минимален рок на важење на договорот за портфолио од 6 месеци, заради заштита и на двете страни на договорот.

Понатаму, Комисијата го задолжи депозитарот, во делот на елементите на договорот за водење на портфолио на хартии од вредност, да определи постоење на посебна сметка, која ќе ја отвора овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност, преку која ќе се вршат уплатите и исплатите на парични средства од трансакции реализирани врз основа на договорот за водење на портфолио на хартии од вредност.

Комисијата констатира дека основната цел на донесените измени и дополнувања на правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје во овој дел, е прецизно утврдување на потребната документација која се доставува во депозитарот за отворање на посебни сметки за хартии од вредност, а особено прецизирање на условите за отворање на портфолио сметка за хартии од вредност. Направените измени и дополнувања на Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје се во насока на подобрување на процедурите заради практично функционирање на услугата на водење на портфолио на хартии од вредност. Воедно, со донесените измени е извршено и допрецизирање на одредбите кои ги определуваат старателската и застапувачката сметка.

<u>Правила за однесување и дисциплина</u>

Комисијата во месец јануари 2008 година, даде согласност на измени на Правилата за однесување и дисциплина на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје кои се извршени со цел нивно усогласување со измените на Статутот на Централниот Депозитар АД Скопје, со кои се изврши промена на системот на управување на Централниот Депозитар АД Скопје и се премина од двостепен на едностепен систем на управување.

<u>Правила за членство</u>

Комисијата во месец јануари 2008 година, даде согласност на измени на Правилата за членство на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје кои се извршени со цел нивно усогласување со измените на Статутот на Централниот Депозитар АД Скопје, со кои се изврши промена на системот на управување на Централниот Депозитар АД Скопје и се премина од двостепен на едностепен систем на управување.

<u>Правила за арбитража</u>

Во месец јануари 2008 година, Комисијата даде согласност за измена на Правилата за арбитража на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје кои се извршени со цел нивно усогласување со измените на Статутот на Централниот Депозитар АД Скопје, со кои се изврши промена на системот на управување на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и се премина од двостепен на едностепен систем на управување.

## 5. Контрола на пазарот на капитал и неговите учесници од страна на Комисијата за хартии од вредност

Комисијата во текот на 2008 година активно ја извршуваше својата контролна функција на пазарот на хартии од вредност во РМ, која произлегува од позитивните законски прописи. Реализирањето на контролната функција во најголем дел се остваруваше преку решавање на индивидуални (поединечни) и групни барања на акционери за заштита на нивните права кои произлегуваат од сопственоста над акциите, како и преку контрола на целокупното работење на 29-те членки на Македонската Берза АД Скопје, контрола на самата Берза и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Во 2008 година беа поднесени вкупно 70 барања за заштита на акционерските права од физички и правни лица.

## П Р Е Г Л Е Д
## на доставени барања за спроведување на контрола од страна на Комисијата

| | 2006 | | 2007 | | 2008 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Класификација на барањата | Број | % | Број | % | Број | % |
| Несогласување со бројот на акции во електронскиот запис на книгите на акции во Централниот депозитар АД Скопје | 31 | 36,9 | 37 | 20,22 | 29 | 41,42 |
| Барања за проверка и поништување на трансакции реализирани на Македонската берза АД Скопје | 2 | 2,4 | 68 | 37,16 | 12 | 17,14 |
| Барања за остварување на права од хартиите од вредност (право на глас, дивиденда, остаток од стечајна маса и сл.) | 2 | 2,4 | 27 | 14,75 | 10 | 14,28 |
| Барања за остварување на права од хартиите од вредност во АД во стечај или ликвидација | / | / | 7 | 3,83 | / | / |
| Останати барања (доставување одлуки на собранија на акционери, начин на поделба на дивиденда и друго) | 45 | 53,6 | 15 | 8,2 | 3 | 4,28 |
| Контрола на трансакции склучени на Македонската берза АД Скопје во однос на почитување на одредби од Законот за преземање на акционерски друштва | 4 | 4,76 | 13 | 7,1 | 13 | 18,57 |
| Жалби на работењето на брокерските куќи | / | / | 16 | 8,74 | 3 | 4,28 |
| Вкупно барања | 84 | 100 | 183 | 100 | 70 | 100 |

Од вкупните поднесоци за заштита на акционерските права во 2008 година 29 или 41,42 % се однесуваат на несогласување на инвеститорите-акционери со искажаниот број на акциите во електронските записи на акционерските книги на акционерските друштва предадени во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

12 поднесоци, кои претставуваат 17,14 % од вкупно поднесените во 2008 година се однесуваат на барања со кои инвеститорите бараат Комисијата да изврши проверки на веќе реализирани трансакции на Македонската берза АД Скопје или поништување на трансакции заради најразлични причини .

Во 2008 година, од вкупно доставените поднесоци, 10 поднесоци или 14,28 % се однесуваат на барања за остварување права од хартиите од вредност, право на глас, дивиденда, остаток од стечајна маса и слично.

Во 2008 година, со учество од 4,28 % во вкупните поднесоци, 3 се однесуваат на заштита од непочитување на други досега ненаведени акционерски права и тоа: доставување на одлуки од собрание на акционери, начин на поделба на дивиденда и други акционерски права.

Во 2008 година Комисијата изврши и 13 контроли на трансакции склучени на Македонската берза АД Скопје од аспект на почитувањето на одредбите од Законот за преземање на акционерски друштва, кои во вкупниот број на предмети учествуваат со 18,57 %.

Во 2008 година до Комисијата се доставени и 3 жалби од клиенти на работењето на брокерските куќи, кои во вкупниот број на поднесоци учествуваат со 4,28 %.

За целите и постапките на контролата во врска со барањата за заштита на акционерски права, Комисијата за хартии од вредност активно соработуваше со други надлежни државни органи и надлежни институции.

Комисијата во 2008 година го насочи своето внимание и кон директен (on-line, во реално време) мониторинг на реализацијата на тргувањето на Берзата и вршење на посредна и непосредна контрола на работењето на членките на Берзата во функција на откривање и санкционирање на превземени забранети дејствија од страна на пазарните или овластените учесници, како на пример: создавањето на лажна слика на активно тргување со хартии од вредност на Берзата, вршење привидни работи со хартии од вредност со цел заведување на инвеститорите во поглед на цената на хартиите од вредност, манипулација со цените на хартиите од вредност, создавање на лажен пазар со програмирано, манипулативно и договорено тргување со што се влијае на движењето на цената на хартиите од вредност со кои се тргува на Берзата; непочитување на Правилата за тргување на Македонската Берза АД Скопје и друго. Во рамките на ваквата активност, Комисијата во текот на 2008 година изврши вкупно 35 непосредни контроли на работењето на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност. Од вкупно спроведените непосредни контроли, 7 биле непосредни вонредни и делумни контроли на работењето на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност, 27 непосредни редовни контроли на работењето на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност и една дополнителна контрола на работењето на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност.

Комисијата во 2008 година вршеше постојана посредна и непосредна контрола на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност.

Комисијата ги сумираше резултатите и наодите од спроведените 27 редовни контроли на сите брокерски куќи и банки како учеснички на пазарот на хартии од вредност во текот на 2008 година, како и наодите од контролите на Македонската Берза АД Скопје и на Централниот депозитар АД Скопје.

Врз основа на сознанијата добиени од контролите, Комисијата оцени дека, генерално, работењето на брокерските куќи и банки во врска со реализацијата на трансакциите со хартиите од вредност се одвива на начин регулиран со Законот за хартии од вредност и другите позитивни законски прописи, како и берзанските правила и дека овластените учесници ги почитуваат востановените правила за работа.

Основни неправилности заради кои во 2008 година Комисијата изрече мерки кон брокерите се:

- реализација на трансакции без да се обезбедат инструкции од клиентите, поточно без да се обезбеди валиден налог за тргување од клиентот, учесник во трансакцијата;
- реализација на трансакции без да се почитуваат ограничувањата во поглед на цената или количината на хартиите од вредност со кои се тргува и кои се целосно определени од клиентиот и
- непочитување на моменталните услови за купопродажба на хартии од вредност кои биле на пазарот за хартии од вредност, заради што не се извршила реализација на купопродажната трансакција;

Во врска со изречените мерки кон брокерските куќи и банки со дозвола за работа со хартии од вредност би ги истакнале следните причини и неправилности во почитувањето на законските регулативи и акти на саморегулирачките организации (берза и депозитар) и тоа:

- реализација на трансакции при кои се користени најразлични дејствија од доменот на ценовни или пазарни манипулации, поединечно или во соработка со клиентите или со друг учесник на пазарот на хартии од вредност и
- реализација на трансакции врз основа на налози за тргување со изминат рок .

Во текот на 2008 година Комисијата има донесено седум решенија за отстранување на утврдени неправилности и незаконитости кон овластените учесници на пазарот на хартии од вредност (брокерски куќи) поради неодржување на законски определениот износ на основната главнина.

Во 2008 година Комисијата донесе и седум решенија за забрана за вршење на сите услуги со хартии од вредност во времетраење од 30 работни дена за шест овластени учесници на пазарот на хартии од вредност-брокерски куќи (на една брокерска куќа Комисијата за хартии од вредност два пати и изрекуваше мерка забрана за вршење на сите услуги со хартии од вредност во времетраење од 30 работни дена), пет решенија за изрекување на јавна опомена на овластени учесници на пазарот на хартии од вредност, три решенија за времена забрана за вршење на работи со хартии од вредност во времетраење од 30 работни дена на овластени брокери на Македонската берза АД Скопје, пет решенија за трајно одземање на

дозволата за работење на брокер на овластени брокери на Македонската берза АД Скопје. Во 2008 година Комисијата донесе и едно решено за времено одземање на согласноста за директор на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност.

Исто така, во 2008 година Комисијата донесе е две решенија за трајно одземање на дозволата за вршење услуги со хартии од вредност на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност (брокерска куќа) и две решенија за исполнување на условите за отварање на ликвидација на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност (брокерска куќа).

Врз основа на одредбите од Законот за хартии од вредност, Комисијата во 2008 година, донесе и едно решение за отстранување на утврдени неправилности и незаконитости за акционерско друштво со посебни обврски за известување и едно решение за забрана за вршење на трговски и нетрговски преноси со акции за акционерско друштво со посебни обврски за известување.

Поради непочитување на одредбите од Законот за преземање на акционерски друштва, односно поради недавање на јавна понуда за откуп на хартии од вредност на издавач од страна на лице кое има стекнато над 25% од акциите со право на глас на издавачот, Комисијата во 2008 година донесе и четири решенија за одземање на правото на глас и дивиденда од акции издадени од акционерски друштва со посебни обврски за известување. Во 2008 година Комисијата за хартии од вредност донесе и едно решение за забрана за располагање и оптоварување на акции издадени од акционерско друштво со посебни обврски за известување.

Во текот на 2008 година, Комисијата во своето работење донесе вкупно 221 конкретни правни акти-решенија. За 20 од нив е поднесена жалба до второстепениот орган. Од поднесените жалби, дванаесет жалби се одбиени и е потврдено решението на Комисијата за хартии од вредност, шест жалби се уважени во целост и е поништено решението на Комисијата за хартии од вредност и предметот е вратен на повторно одлучување во Комисијата за хартии од вредност и две жалби се уважени делумно од страна на Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност и се преиначени решенијата на Комисијата за хартии од вредност.

## 6. Соработка со други државни институции

Во текот на 2008 година, Комисијата за хартии од вредност оствари соработка и со други државни органи и институции со јавни овластувања. Во рамките на остварената соработка, Комисијата за три случаи има покренато постапки пред соодветните надлежни институции: Управа за спречување перење пари, Управа за јавни приходи, Министерство за внатрешни работи, Финансова полиција и Јавното обвинителство.

## 7. Инвестициски фондови

Споредбено со 2007 година, 2008 година ја одбележи значителниот раст на бројот на новоформирани инвестициски фондови. Така во текот на 2008

година во Република Македонија беа формирани 5 друштва за управување со фондови кои управуваат со вкупно 5 отворени инвестициски фондови. Кон крајот на годината друштвото за управување со фондови МП Инвест АД Скопје поднесе барање за ликвидација, при што на истото му беше одземена дозволата за работа. Ова друштво не управуваше со ниту еден инвестициски фонд.

Во тек на 2008 година услуги како депозитарна банка на инвестициските фондови понуди и Комерцијална Банка АД Скопје, која заедно со НЛБ Тутунска Банка се единствените две банки на територијата на Република Македонија кои можат да вршат услуги како депозитарни банки на инвестициските фондови.

Сепак неповолната финансиска состојба предизвикана од глобалната финансиска криза која можеби и најмногу се одрази на работата на фондовите придонесе повеќето друштва за управување со фондови да прикажат лоши финансиски резултати на крајот од календарската 2008 година. Имено портофилијата на инвестициските фондовите формирани во 2007 година, во текот на 2008 година изгубија до 60% од својата вредност, додека оние инвестициски фондови формирани кон крајот на 2008 година успеваат да ја одржат вредноста на портфолијата но и не да ја зголемат. На ден 30.12.2008 година вредноста на уделот на инвестициските фондови изнесувала:

| **Име на фондот** | Вредност на удел на ден 30.12.2008 година во 0,00 денари |
|---|---:|
| Мој Фонд | 98,6442 денари |
| Сава Инвест Балансирачки фонд | 101,2044 денари |
| Сава Инвест Растечки фонд акции | 100,7778 денари |
| КД Јужен Балкан | 100,6995 денари |
| КД БРИК | 100,7266 денари |
| Иново Статус Акции | 32,4014 денари |
| Илирика Глобал-Растечки пазари | 44,0502 денари |
| Илирика Југоисточна Европа | 50,0870 денари |

*Напомена: Почетната вредност на уделот кај сите фондови изнесува 100,00 денари.

Причина за ваквата состојба се пред се неповолните движења на вредноста на акциите на Македонска Берза АД Скопје, каде што инвестициските фондови вложуваат најголем дел од средствата на своите портфолија, имено индексот на МБИ 10 во 2008 година има забележено пад од 72,92% додека индексот на јавно поседуваните друштва МБИД забележал пад од 73,69% во 2008 година. Истиот тренд е забележан и на берзите од регионот каде што инвестициските фондови исто така пласираат значителен

дел од своите средства имено главниот индекс на Загребската берза забележал пад од 67,1%, индексот на Љубљанската берза паднал за 67,49% додека индексот на Виенската берза забележал пад од 61,2%. Ваквите негативни трендови на светските берзи се одразија и врз работењето на инвестициските фондови поточно на вредноста на нивните портфолија.

Што се однесува до инвестиционата политика на фондовите, генерално може да се заклучи дека истата во овој временски период е конзервативна, и пред се базира на вложување на средствата во депозити во комерцијалните банки како и вложувања во обврзници. Но голем дел од портфолијата на фондовите се базирани и на вложување во акции на Македонската Берза но и на берзите во регионот како и на берзите во Франкфурт, Лондон и Њујорк.

Од аспект на контролата на инвестициските фондови, Комисијата во текот на 2008 година превзема опсежни активности со цел обука и доусовршување на вработените за се посеопфатна и навремена контрола врз работата на инвестициските фондови како и на друштвата за управување со фондови. Во таа насока беа одржувани и редовни состаноци со претставници од Комерцијална Банка и НЛБ Тутунска Банка, двете депозитни банки на фондовите, на кои беше разгледувана работата на фондовите но и на депозитните банки во однос на вреднувањата на имотот на фондовите, одобрувањето на трансакции, порамнување на трансакциите во странство и други проблеми кои се појавуваат во секојдневното работење со инвестициските фондови.

Соглсано Законот за инвестициски фондови, Комисијата врши посредна и непосредна контрола врз работата на инвестициските фондови. Во текот на 2008 година, Комисијата вршеше посредна дневна, неделна и месечна контрола врз работата на инвестициските фондови преку извештаите кои депозитните банки ги доставуваат за вредноста на фондовите како и за пресметката на нето вредноста на секој фонд. Исто така, Комисијата ги анализираше и портфолијата на фондовите и изложеноста на секој фонд, како и пречекорувањата на лимитите кои се наведени во законот но и во проспектите на фондовите. Согласно законските можности овие пречекорување беа навремено отстранети, се со цел доследно следење на инвестиционота политика на фондот.

## V. Едукација на акционерски друштва со посебни обврски за известување

Комисијата во 2008 година активно ја извршуваше едукативната функција. Освен инвеститорите и малите акционери, целна група на Комисијата беа акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата. Обезбедувањето на поголема транспарентност на акционерските друштва со посебни обврски за известување е една од стратешките цели на Комисијата, наведена во Стратегијата за спроведување на Законот за хартии од вредност во периодот 2007/2012 година.

Комисијата секојдневно им излегува во пресрет на субјектите преку совети и консултации, со што врши и своевидно унапредување на својата работа преку размена на искуства и информации со друштвата.

Во 2008 година преку реализацијата на Проект со Меѓународната финансиска корпорација IFC и издавање на посебен прирачник, заеднички се работеше на подобрување на објавувањето на информации во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување од страна на компаниите и на подигнуваање на свеста кај акционерските друштва дека навременото доставување на податоци е во нивни интерес, а не само законска обврска.

Комисијата за прв пат од формирањето на Регистарот во 2003 година, изврши непосредна посета на акционерските друштва што се водат во Регистарот на Комисијата. Оствари директни средби со претставници на акционерските друштва со посебни обврски за известување. Во таа пригода, на Комисијата акционерските друштва со посебни обврски за известување бесплатно им дистрибуираше специјален прирачник и ЦД во кои се содржани сите информации и шеми во врска со нивните обврски за објавување на податоци во Регистарот.

Со обиколката беа опфатени акционерските друштва што се водат во Регистарот и тоа во следниве градови: Скопје, Битола, Прилеп, Дебар, Кичево, Гостивар, Тетово, Велес, Неготино, Кавадарци, Демир Капија, Гевгелија, Богданци, Штип, Свети Николе, Лозово, Радовиш, Струмица, Охрид, Куманово.Тимот на Комисијата спроведе обука еден-на-еден за луѓето кои работат на изработка на извештаите и ценовно чувствителните информации и кои ги доставуваат до Комисијата. На тој начин се разјаснија сите дилеми што ги имаат акционерските друштва. Овие посети имаа двојни позитивни резултати – од една страна беа спроведени обуките еден-на-еден за подобрување на известувањето кон Комисијата, но од друга страна овозможија и Комисијата детално на терен да ги согледа вкупните состојби кај друштвата со посебни обврски за известување.

Во текот на посетите на акционерските друштва им беа дадени и евалуациони листи за оценка на успешноста на проектот. Акционерските друштва ја оценија обуката, како многу успешна истакнувајќи дека се стекнале со нови знаења и вештини кои ќе им помогнат во иднина да ги решат специфичните проблеми со кои се соочуваат при подготвувањето на извештаите.

Ефектите од посетата на акционерските друштва во Македонија, Прирачникот и ЦД-то се мерливи. Драстично се зголеми бројот на објавите од финансиска и нефинансиска природа од страна на друштвата. Пред почетокот на едукацијата што ја спроведе Комисијата, процентот на објави од страна на акционерските друштва во Регистарот кој го води Комисијата, беше околу 55% во делот на финансиски податоци (биланси на состојба, успех, паричен тек и промена на капитал) и околу 15 % во делот на нефинансиски известувања (ценовно чувствителни информации, промена на член на орган на управување, извештај за промена на сопственост на акционер и сл.).

По спроведување на сите активности може да се констатира дека процентот на зголемување на бројот на објави беше зголемен за околу 30% во делот на финансиските податоци (биланси на состојба, успех, паричен тек и промена на капитал) и околу 25-30% во делот на нефинансиски известувања (ценовно чувствителни информации, промена на член на орган на управување, извештај за промена на сопственост на акционер и сл.). Тоа значи дека заклучно со 2008 година околу 70% од АД ги исполнуваат обврските кои ги имаат согласно Законот за хартии од вредност во делот на финансиски податоци и околу 20% од акционерските друштва ги исполнуваат обврските во делот на нефинансиски известувања.

### 1. Работилници на тема „Зошто акционерските друштва треба да прибираат капитал преку издавање на хартии од вредност и кои се придобивките од транспарентно објавување на податоци”

Комисијата во соработка со USAID-Проектот за деловно опкружување, организираше серија работилници на тема „Зошто акционерските друштва треба да прибираат капитал преку издавање на хартии од вредност и кои се придобивките од транспарентно објавување на податоци”. Целта на работилниците беше да им се укаже на друштвата кои се водат во Регистарот дека транспарентноста и информирањето на јавноста за работењето не е само нивна законска обврска, туку претставува и промоција на друштвото пред потенцијалните инвеститори, а издавањето на хартии од вредност е побрз, поефикасен и поевтин начин за прибирање капитал за компаниите. Работилници се одржаа во Скопје, Струмица, Битола, Штип и во Тетово.

Преку директен контакт со компаниите, Комисијата ги повика друштвата да немаат страв да ги објавуваат извештаите за нивното работење, зашто транспарентноста и овозможува на компанијата да ја зголеми вредноста на самите акции и да стане поинтересна на пазарот, затоа што инвеститорите очекуваат секои три месеци одредени показатели за таа фирма.

### 2. Прирачници

#### - Прирачник за акционерски друштва со посебни обврски за известување

Комисијата во соработка со Меѓународната финансиска корпорација IFC подготви и публикува Прирачник за акционерските друштва со посебни обврски за известување. Прирачникот за друштвата со посебни обврски за

ивестување е прирачник во кои на јасен и едноставен начин се презентирани обврските кои ги имаат акционерските друштва и се подготвени обрасци кои произлегуваат од тие законски обврски. Прирачникот беше подготвен на македонски и на англиски јазик, се со цел да им се овозможи и на странските инвеститори да ги читаат извештаите.

Ова е прв прирачник од ваков вид во Република Македонија. Според Акциониот план за имплементација на Стратегијата за спроведување на Законот за хартии од вредност во периодот 2007/20012 година, со цел за подигнување на свеста и продлабочувањето на знаењата на јавноста за важноста на обелоденувањето на податоците на акционерските друштва, предвидено е Комисијата ваков прирачник да издаде до 31.12.2011 година, што значи дека може слободно да се констатира дека Комисијата предвремено ја исполни зацртаната цел.

Акционерските друштва го прифатија Прирачникот со особено задоволство, бидејќи во него на многу едноставен, систематизиран и унифициран начин се прикажани сите обврски кои ги имаат акционерските друштва кон Комисијата, што во голема мера би влијаело врз навремено, точно и целосно објавување на податоците.

**- Електронски обрасци за унифицирани извештаи**

Освен Прирачник за акционерски друштва со посебни обврски за известување, Комисијата изработи и ЦД со excel-обрасци за изготвување на годишни извештаи, резиме на годишен извештај, полугодишни извештаи, тримесечни финансиски извештаи, тековни соопштенија. Ова ЦД претставува алатка во секојдневното работење на акционерските друштва, со што дополнително им се олеснува нивната работа, а со тоа расте и процентот на објави во регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување.

Исто така, преку ваквиот модел на изработување на објавите, се обезбедува унифицираност на финансиските извештаи и тековните соопштенија, со што потенцијалните инвеститори можат на лесен и разбирлив начин да ги читаат податоците во нив, кои во голема мера би влијаеле при носењето на своите одлуки за инвестирање.

## 3. Транспарентност на Комисијата за хартии од вредност

Транспарентноста е важна за довербата во компаниите и воопшто за пазарот на капитал. Комисијата во своето работење тргнува од фактот дека навременото информирање на јавноста е основно начело на работењето на Комисијата. Тоа се покажува и со фактот што Комисијата во 2008 година за прв пат усвои Стратегија за односи со јавност, документ во кој како долгорочни цели се дефинирани следниве активности:

- Да се создаде информираност и разбирање за основните механизми на пазарот на капитал;
- Да се зголеми довербата во финансискиот пазар и дејноста на Комисијата;
- Да се промовираат активностите пред корисниците, за да се создаде - непосредна, активна и “човечка” врска меѓу Комисијата и корисниците на финансиските услуги.

Поаѓајќи од овие цели, а за инвеститорите да имаат сигурен пристап до сите релевантни податоци и информации во вистинско време, Комисијата континуирано во 2008 година, ја зајакнуваше нивната доверба во информациите што ги создава и пласира Комисијата за нејзиното работење.

Комисијата големо внимание обрнува и на односот со медиумите. Новинарите од печатените и од електронските медиуми секојдневно комуницираа и добиваа информации за работата на Комисијата како регулатор на пазарот на капитал. На претставниците на медиумите во текот на 2008 година им се овозможи, почесто да бидат во контакт со Претседателот на Комисијата за хартии од вредност и да добиваат изворни ставови за актуелните случувања од првиот човек на институцијата, што не беше случај во периодот кога функцијата Претседател не беше професионална. По потреба се одржуваа прес конференции и се даваа изјави за медиумите. Исто така, беше организирана и обука за новинари.

### 4. Обука на новинари

Комисијата и  Проектот за деловно опкружување на американската Агенција за меѓународен развој (USAID) во Охрид, организираа дводневна работилница на тема „Медиумите, информациите за пазарот на капитал и јакнење на корпоративната одговорност”. Мотивот за организирање и одржување на ваков вид на работилница (workshop) за новинари од печатените и од електронските медиуми во Република Македонија беше динамичниот развој на пазарот на капитал, потребата од следење на глобалните трендови од страна на сите учесници меѓу кои се и новинарите, а се со крајна цел градење на систем на објективно и навремено информирање за глобалните, регионалните и за домашните случувања.

Со оглед на фактот што улогата на медиумите е голема за пазарот на хартии од вредност каде информациите се суштина на сите движења,  затоа Комисијата особено внимава на изразите и на терминологијата што се користат, како и на начинот на пласирање на информациите. На обуката присуствaa 21 новинар од речиси сите електронски и печатени медиуми во Република Македонија кои покриваат економски теми и ги следат берзанските движења.

Ваквата едукација на новинарите е предвидена и во Акциониот план на Комисијата за хартии од вредност за спроведување на Законот за хартии од вредност во периодот 2007-2012 година, како и во Стратегијата за односи со јавност на  Комисијата. Инаку, последната обука што Комисијата ја организирала за едукација на новинари била во јуни  2005 година.

### 5. Месечни извештаи

Заради поголема достапност на податоци со кои располага, Комисијата продолжи со практиката на објавување на месечен извештај. Месечниот извештај на веб-страната на Комисијата се објавува најдоцна до 10-ти од наредниот месец. На тој начин, транспарентно и навремено, информациите и

податоците кои произлегуваат од тековното работење на Комисијата стигаат и до инвеститорите и до пошироката јавност.

### 6. Барања за слободен пристап до информации

До Комисијата во 2008 година беше поднесено едно барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, кое пристигна во месец мај и тоа од физичко лице. Комисијата како максимално отворена институција, навремено без одлагање го испрати одговорот.

Покрај ова барање кај кое беше запазена постапката што ја пропишува Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, до Комисијата секојдневно пристигаа барања на мислења и помош од страна на граѓаните и тоа најчесто преку e-mail и по телефон. Комисијата навремено им одговараше на нивните прашања и молби. Клиентите кои бараа мислење и помош од Комисијата припаѓаат на најразлични категории. Меѓу нив има акционери, вработени во компании и во администрација, менаџери, студенти, невработени, пензионери.

Во иста насока ќе продолжи и во иднина и целосно ќе го применува Законот за слободен пристап до информации, бидејќи тоа е во интерес на граѓаните и целокупната општествена заедница.

## VI. Меѓународна соработка

### 1. Учество во работата на IOSCO ( Меѓународна организација на комисиите за хартии од вредност)

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија е полноправен член на Меѓународната организација на Комисиите за хартии од вредност - IOSCO од 1994 година. Како полноправен член, Комисијата во 2008 година активно учествуваше во работата на IOSCO, придонесувајќи за остварување и почитување на целите на организацијата: меѓусебна соработка во насока на промовирање на регулатива со високи стандарди со цел да се одржуваат ефикасни и сигурни пазари; размена на искуства со цел да се промовира развојот на домашните пазари; обединување на напорите за воспоставување стандарди и ефективна контрола на меѓународните трансакции со хартии од вредност; обезбедување меѓусебна помош со цел да се промовира интегритетот на пазарите со ригорозна примена на стандардите и со ефективно санкционирање на прекршоците.

Активностите на IOSCO во 2008 година беа насочени кон се поинтензивна и динамична соработка помеѓу земјите членки во насока на справување со настанатата економска криза, афирмирање на мултилатералниот Меморандум за разбирање (MMoU) при консултациите, соработката и размената на информации помеѓу регулаторите на пазарот на капитал во земјите-членки на IOSCO и промовирање на принципите и целите на оваа меѓународна организација.

Својата активност во работата на IOSCO, Комисијата во 2008 година ја реализираше преку учество на конференции и семинари каде се дискутираше за актуелните трендови на светските пазари на капитал и супервизија на пазарните учесници, и тоа:

- Семинар на тема *„Cooperation and exchange of information between securities regulators”* во организација на Polish Financial Supervision Authority (PFSA), во соработка со IOSCO, кој се одржи во периодот од 26-29 март 2008 година во Варшава, Полска;
- 33-тата Годишна конференција на Меѓународната Организација на Комисиите за хартии од вредност (IOSCO), која се одржи во периодот од 25-29 мај 2008 година во Париз, Франција;
- Семинар на тема *„Enforcement Aspects of Takeover Regulation”* во организација на Меѓународната Организација на Комисиите за хартии од вредност (IOSCO)-EMC Working Group 4, кој се одржи во периодот од 11-14 јуни 2008 година во Истанбул, Турција;
- Семинар на тема *„Market and liquidity risk”* во организација на Меѓународната Организација на Комисиите за хартии од вредност (IOSCO), кој се одржи од 29 септември до 03 октомври 2008 година во Мадрид, Шпанија;
- Годишен состанок на Европскиот Регионален Комитет на Меѓународната Организација на Комисиите за хартии од вредност (IOSCO), кој се одржи во периодот од 02-03 ноември 2008 година во Мадрид, Шпанија;

- Семинар на тема *„Practical approaches to Market Oversight”* во организација на Меѓународната Организација на Комисиите за хартии од вредност (IOSCO), кој се одржи во периодот од 18 -21 ноември 2008 година во Мадрид, Шпанија;
- Семинар во организација на IOSCO SRO Consultative Committee for Emerging Markets Regulators**,** што се одржи во периодот од 08 -10 декември 2008 година во Вашингтон, САД;

**2. Меморандум за разбирање (MMoU) при консултациите, соработката и размената на информации помеѓу регулаторите на пазарот на капитал во земјите-членки на IOSCO**

Во 2002 година Меѓународната организација на Комисиите за хартии од вредност- IOSCO усвои Мултилатерален Меморандум за разбирање создаден со цел да обезбеди размена на информации и податоци помеѓу регулаторите на пазарите на хартии од вредност во светот.

Меѓународната организација на Комисиите за хартии од вредност (IOSCO) го посочи Меморандумот како основа за меѓународна соработка помеѓу регулаторите на пазарите за хартии од вредност и постави јасна стратешка цел за проширување на мрежата на потписници до 2010 година. Беа утврдени и процедурите за поднесување на апликација и условите кои треба да бидат исполнети од страна на земјите апликанти.

Во рамките на процедурите утврден е сет од 9 прашања на кој секој од апликантите треба да даде целосен и прифатлив одговор на сите прашања, за да може да стане потписник на Меморандумот во листа А. Доколку некој од регулаторите ги исполнува повеќето од условите, односно даде целосен и прифатлив одговор на повеќе прашања, во тој случај се до моментот на целосно усогласување со сите услови апликантот ке биде потписник во листа Б. По усогласувањето (измена и дополнување на закон, подзаконски акт и сл.) апликантот поднесува повторно апликација и станува потписник на Меморандумот во листа А.

Имајќи ја предвид нагласената важност на мултилатералниот Меморандум за разбирање на IOSCO, Комисијата во рамките на својата активност во оваа меѓународна организација постави цел за пристапување како земја-потписничка на Мултилатералниот Меморандум на IOSCO, кој засега претставува највисока форма на мултилатерална соработка помеѓу регулаторите на пазарите на хартии од вредност од сите земји-членки на оваа меѓународна организација.

Со цел потпишување на Мултилатералниот Меморандум на IOSCO, Комисијата следејќи ги препораките на IOSCO, побара и доби техничка помош во подготвувањето на одговори на Прашалникот кој претставува дел од постапката за потпишување на Мултилатералниот Меморандум на IOSCO. Техничката помош беше добиена од страна на Италијанската Комисија за хартии од вредност (CONSOB) и истата беше од огромно значење особено при сосредоточувањето на одговорите на прашањата. По подготвувањето на одговори на сетот од прашања, како дел од постапката за потпишување на Мултилатералниот Меморандум на IOSCO, Комисијата за хартии од вредност, формално поднесе апликација на 08.04.2008 за потпишување на Меморандумот. По поднесената апликација, во месец ноември 2008 година, беше утврден Верификационен Тим за прегледување и

оценување на апликацијата во однос на нејзината целосност и прифатливост.

Во текот на месец декември 2008 година од страна на Верификациониот Тим беа поставени и дополнителни прашања за дообјаснување на некои од одговорите дадени од страна Комисијата.

### 3. Склучени Меморандуми за соработка на Комисијата со домашни и странски регулаторни тела

Заради зголемување на заштитата на инвеститорите од двете земји во Охрид од 2 до 4 октомври 2008 година, Комисиите за хартии од вредност на Република Македонија и на Република Србија потпишаа билатерален Меморандум за соработка при размена на взаемни информации. Со овој Меморандум се промовира интегритет на регулираните пазари преку обезбедување на рамка за соработка, вклучувајќи и канали за комуникација, поголема взаемна помош, размена на регулаторни и технички информации и помош за истраги. Меморандумот за соработка го потпишаа Претседателот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија Марина Наќева -Кавракова и членот на Комисијата за хартии од вредност на Република Србија Ѓорѓе Јовановиќ. Ова е деветти по ред Меморандум за соработка при размена на взаемни информации кои Комисијата ги има потпишано со регулаторите на пазарите на капитал од регионот.Практиката покажува дека придобивките од поврзувањето на регулаторите се повеќекратни, а регионална соработка преку меморандум е препорака на Европската Комисија и еден од принципите на Меѓународната организација на Комисиите за хартии од вредност- IOSCO.

Во насока на зголемување на ефикасноста на супервизорската функција на институциите од финансискиот пазар во Република Македонија, на 3 декември 2008 во Скопје, Комисијата за хартии од вредност склучи Меморандуми за соработка со Управата за финансиска полиција и со Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Овие Меморандуми се во функција на зајакнување на борбата против перењето пари и финансискиот криминал во Република Македонија. Се очекува преку размена на информации и податоци институциите поефикасно да се координираат заради полесно откривање на сомнителните трансакции од аспект на финансиски криминал, спречување перење пари и финансирање на тероризмот.

Меморандумите за соработка ги потпишаа, Претседателот на Комисијата за хартии од вредност Марина Наќева-Кавракова, Директорот на Управата за финансиска полиција Љупчо Стаматовски и Директорот на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам Ване Цветанов.

Преку размена на податоци и информации ќе се зајакне ефикасноста на супервизорската функција врз пазарот на капитал во Република Македонија. Трите институции ќе ја продолжат и соработката на полето на обуката на вработените и размена на искуства за истражувањата и развојните процеси кои се од заеднички интерес.

Потпишувањето на Меморандумите претставува формализирање на соработката на Комиисјата со двете институции, но и почеток на нов вид соработка во која централно место ќе заземе откривањето на сомнителни

трансакции од страна на овластените учесници за работа со хартии од вредност и на акционерските друштва со посебни обврски за известување во смисла на Законот за хартии од вредност, како и на друштвата за управување со инвестициски фондови и банки-чувар на имот во смисла на Законот за инвестициски фондови.

## 4. Едукација на вработените во Комисијата за хартии од вредност

Комисијата за хартии од вредност посветува големо внимание на професионалната едукација на вработените во Стручната Служба на Комисијата.

Едукацијата се остварува на неколку начини: преку посета на семинари, форуми, тркалезни маси, посета на регулатори од странски држави и сл. Во 2008 година, вработените во Стручната Служба на Комисијата ги посетија следните семинари, форуми и тркалезни маси:

- Глобален форум на тема *„EU Corporate Governance Standard”* организиран во соработка со Словенското Претседателство на Европската Комисија, Европскиот Парламент, Европската Комисија, IFC и Партнери за финансиска стабилност, кој се одржа во периодот од 20-21 февруари 2008 година во Брисел, Белгија;
- *„2008 International Institute for Securities Market Development”,* организиран од US Securities and Exchange Commission кој се одржа во периодот од 07-23 април 2008 година во Вашингтон, САД;
- *„Regional Securities Program”*, организиран од Торонто Центре со подршка на Бугарската Комисија за финансиска супервизија, ATTF и World Bank Group, кој се одржа во периодот од 23-27 јуни 2008 година во Софија, Бугарија;
- Семинар на тема *„MiFID Implementation in practice: CEE&SEE”* кој се одржа во периодот од 24-27 септември 2008 година во Прага, Чешка;
- Семинар во организација на Советот на Европа - Комитетот за евалуација на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам-MONEYVAL, кој се одржа во периодот од 30 септември до 04 октомври 2008 година во Стразбур, Франција;
- Семинар на тема *„Capital market development, enforcement and oversight”* во организација на Capital Market Board of Turkey и US Securities and Exchange Commission кој се одржа во периодот од 20 -24 октомври 2008 година во Истанбул, Турција.

Со цел следење на трендовите во областа на работењето со хартии од вредност и развој на пазарите на капитал, претставници од Комисијата за хартии од вредност учествуваа и на неколку конференции и тоа:

- *„21$^{th}$ European Finance convention”* која се одржа во периодот од 06-08 март 2008 година во Лисабон, Португалија;

- *„25th Annual conference of the Ljubljana Stock Exchange”,* која се одржа во периодот од 21-24 мај 2008 година во Порторож, Словенија;
- *„4th Annual PPP in CEE&SEE Conference”*, која се одржа во периодот од 15-17 октомври 2008 година во Будимпешта, Унгарија;

Заради продлабочување на регионалната соработка со регулаторите од соседните земји и размена на искуства, знаења претставници на Комисијата за хартии од вредност, учествуваа на конференции за регионална соработка, работни состаноци и работни посети на регулатори од регионот и тоа:

- Состанок за воспоставувањето регионална соработка помеѓу регулаторите на пазарите на хартии од вредност од регионот во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Србија, кој се одржи во периодот од 12-14 март 2008 година во Белград, Србија;
- Работни состаноци во организација на Комисија за финансиска супервизија Бугарија, а во врска со нивното искуство за супервизија на инвестиционите фондови кои се одржаа во периодот 18-21 март 2008 година во Софија, Бугарија;
- Работен Состанок на тема *„EU Membership Impact on Capital Market in Southeastern Europe”* во организација на Бугарската Комисија за финансиска супервизија, кој се одржа во периодот од 05-07 јуни 2008 година во Софија, Бугарија;
- Работни состаноци во организација на Агенцијата за пазарот на хартии од вредност на Република Словенија, а во врска со нивното искуство за супервизија на инвестиционите фондови кои се одржаа во периодот 23-26 јуни 2008 година во Љубљана, Словенија;
- Конференција за регионална соработка во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Србија, која се одржа на 11 септември 2008 година во Белград, Србија;

## 5. Соработка со мегународни организации и странски проекти во РМ

Комисијата за хартии од вредност во текот на 2008 година соработуваше со мегународни организации во Република Македонија на неколку проекти од различни области.

I. IFC-Меѓународната финансиска корпорација и Комисијата на 8 јуни 2008 година потпишаа Договор за заедничка соработка за изготвување на Прирачник за акционерски друштва со посебни обврски за известување. Преку реализацијата на овој Проект се придонесе за подобрување на објавувањето на информации во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување од страна на компаниите и се влијаеше на подигнување на свеста кај акционерските друштва дека навременото доставување на податоци е во нивни интерес, а не само законска обврска.

Со имплементација на овој проект, се оствари една од стратешките цели утврдени во Стратегијата за спроведување на Законот за хартии од вредност во период 2007 – 2012 и Акциониот план за имплементирање на

стратегијата за спроведување на Законот за хартии од вредност во период 2007 – 2012 година, а тоа е обезбедување на поголема транспарентност на акционерските друштва со посебни обврски за известување.

II. Во текот на 2008 година Комисијата активно соработуваше со Проектот на USAID за деловно опкружување во РМ. Во рамките на активностите предвидени во проектот, беа спроведени серија работилници преку кои се влијаеше на подигнување на корпоративната свест кај акционерските друштва.

III. Во рамките на Твининг Проектот „За зајакнување на капацитетите за спречување на перење на пари-Фаза II" администриран од Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Комисијата учествуваше со свои претставници во Советодовното тело кое е надлежно да ја следи реализацијата на целите, утврдени со Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам. Претставниците на Комисијата дадоа свој придонес во сите активности поврзани со оваа материја и тоа преку учество на работни состаноци, обуки и семинари и сл.

Согласно Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, Комисијата за хартии од вредност контролира дали овластените учесници на пазарот на хартии од вредност ги преземаат мерките и активностите за откривање и спречување на перење на пари и финансирање на тероризам во смисла на вршење на анализа на своите клиенти, следење на одредени трансакции, собирање, чување и доставување на податоци за трансакции и клиенти и изготвување и воведување на програма за спречување на перење на пари.

Во рамките на резлизацијата на Проектот, претставник на Комисијата учествуваше на сесиите при одбрана на Извештајот од Третиот Круг на Евалуација на Република Македонија од страна на Комитетот за евалуација на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам-MONEYVAL при Советот на Европа, што се одржаа во Стразбур, Франција во текот на месеците јуни и јули 2008 година.

IV. Во текот на месец март 2008 година Комисијата активно соработуваше со претставници на Светска Банка и Меѓународниот Монетарен Фонд при нивната оценска мисија на финансискиот сектор во Република Македонија-FSAP Financial Sector Assessement Program. Преку посета и работни состаноци со вработените во Комисијата претставниците на Светската Банка го скенираа пазарот на хартии од вредност, притоа беше утврдена постоечката состојба, беа идентификувани областите во кои е потребно да се направи подобрување и беа дадени предлози, со цел усогласување со релевантните прописи на Европската Унија и со принципите и стандардите на IOSCO-Меѓународната организација на Комисиите за хартии од вредност.

**Број 01-__________** **КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

**Скопје, 30-04-2009 година** **Претседател**

**Марина Наќева Кавракова**